Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје



УНИВЕРЗИТЕТСКИ ГЛАСНИК

СТАТУТ
НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

(година XIX, број 425, 28 јуни 2019 година)

425

Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

С Т А Т У Т
на
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Скопје, јуни 2019

С О Д Р Ж И Н А

ОСНОВНИ ОДРЕДБИ	1
Положба на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје	1
Назив и седиште	1
Предмет на уредување	1
Академска заедница и Етички кодекс	2
АВТОНОМИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ	2
Отчетност и одговорност	3
Неповредливост на универзитетскиот простор	3
Мирно решавање на спорovите	4
ЕДНАКВОСТ, НЕДИСКРИМИНАЦИЈА И ИНКЛУЗИЈА	5
Тело за еднаквост, недискриминација и инклузија	6
Афирмативни мерки	7
ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА	7
ДЕЈНОСТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ И НА ЕДИНИЦИТЕ	8
Дејност на Универзитетот	8
Дејност на единицата на Универзитетот	10
СТУДЕНТИ	11
Статус на студент	11
ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ НА СТУДЕНТИТЕ	12
Основи за дисциплинска одговорност на студентите	12
Видови дисциплински повреди	12
Видови дисциплински мерки	13
Поведување и тек на дисциплинската постапка	14
Застарување на дисциплинската одговорност	15
Годишен извештај за работа	15
Студентски правобранител	15
СВОЈСТВО НА ПРАВНО ЛИЦЕ	18
Овластувања на единиците	19
Одговорност на единиците	19
Овластувања на организационите единици	19
ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ	20
Застапување на Универзитетот	20
Застапување на единицата	20
ПЕЧАТ, СИМБОЛИ И ДРУГИ ОБЕЛЕЖЈА	20
Печат	20
Штембил	21
Симболи	21
Други обележја	22
Патронен празник	24
СОСТАВ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ	24
Назив	24
Услови за стекнување статус на придружна членка	24
Престанок на статусот придружна членка	25
Престанок на постоење на единица	25
Права и обврски	25
Факултети	26
Научни институти	26
Придружни членки	26
Почесна членка на Универзитетот	27
Статусни промени на Универзитетот	27
Статусни промени на единиците на Универзитетот	27
Внатрешни организациони единици на Универзитетот	28
Основање други внатрешни организациони единици	31
Заеднички одредби за внатрешните	32

организациони единици 32
Основање на друга организација 32
Внатрешна организација на единиците 32
Правна важност на внатрешната 36
организација на единиците 36
ОРГАНИ И ТЕЛА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ И НА ЕДИНИЦИТЕ 36
Универзитетски сенат 36
Ректор 41
Ректорска управа 49
Стручни тела и комисии 51
Постапка за донесување на 52
општите акти на Универзитетот 52
Универзитетски совет 53
Органи на единиците 54
Наставно-научен, односно научен совет 54
Декан, односно директор 55
СТРУЧНА И АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА 58
РАЗВОЈ, ФИНАНСИРАЊЕ И ИМОТ 59
Финансирање 59
Покривање на расходите 60
Финансиски план и завршна сметка 61
Даночен број 61
Финансиско и сметководствено работење 62
Имот 62
Регистар на недвижен имот 62
ВИСОКООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ 62
Општи одредби 62
Прв циклус студии 63
Прв циклус академски студии 63
Втор циклус студии 63
Втор циклус академски студии (постдипломски студии) 63
Трет циклус академски студии – докторски студии 64
Промоција на лица кои завршиле програми од трет циклус академски студии – докторски студии и се
здобиле со научен назив – доктор на науки 64
Прв циклус стручни студии 64
Втор циклус стручни студии 64
Дипломи 65
Стручен и научен назив 65
Студиски програми 65
Содржина на студиските програми 66
Програми за стручно и професионално усовршување 66
Далечинско учење 67
Програми за стручно образование пократко од три години 67
Студиска програма за заедничка диплома 67
УСЛОВИ И НАЧИН НА ЗАПИШУВАЊЕ НА СТУДЕНТИ 68
Достапност на високото образование на Универзитетот 68
Еднакво вреднување на странско образование 68
ОБЕМ НА СТУДИИТЕ И ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕТО 69
Почеток и завршување на студиска година 69
Проверка на знаењето 69
Испитни рокови 69
Јавни исправи 70
Водење и заштита на личните податоци на студентите 70
Примена на одредбите од правилниците за условите, критериумите 71
и правилата за запишување и студирање на трите циклуси на студии 71
НАУЧНА, УМЕТНИЧКА И СТРУЧНА РАБОТА 71
Научноистражувачка и применувачка, 71
односно апликативна дејност 71

Предлагање програми, 72
проекти, анализи и експертизи 72
Договарање и реализација на 72
програми, проекти, анализи и експертизи 72
Центар за трансфер на технологија, 73
истражувачки центри 73
МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА 73
ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ 74
НАСТАВНО-НАУЧНИ, НАУЧНИ, НАСТАВНО-СТРУЧНИ И СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА 74
Наставно-научни, научни и наставно-стручни звања 74
Асистенти, уметнички и стручни соработници 75
Демонстратори 75
Предвремен престанок на изборот во звање 75
Право на вршење дејност на друга високообразовна установа 76
Визитинг-наставници 76
Афирмирани научници, стручњаци од практиката и уметници 76
Насловни звања 77
Почесен професор 77
Почесен доктор на науки 78
Заеднички одредби за почесен професор и почесен доктор 78
Професор емеритус 79
Платено и неплатено отсуство 80
Редовен професор во пензија 80
САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ 81
Самоевалуација 81
Самоевалуација на Универзитетот 81
Самоевалуација на единиците 82
ИНТЕРУНИВЕРЗИТЕТСКА КОНФЕРЕНЦИЈА 84
ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ 84

Врз основа на член 94, став 1, точка 1 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 23. седница одржана на 26.6.2018 година и на 32. седница одржана на 6.6.2019 година, го донесе следниов

С Т А Т У Т
на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Положба на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Член 1

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е највисока јавна автономна високообразовна, научна, односно уметничка установа, која ја сочинуваат факултети и научни институти (во натамошниот текст: единици).

На Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје може да се основаат и уметнички академии и високи стручни школи согласно со закон.

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје обезбедува единство во вршењето и развојот на високото образование, науката, уметноста и стручноста и, како непосредно, така и преку своите единици од различни студиски подрачја, пренесува сознанија од повеќе научни, односно уметнички подрачја, полиња и области (дисциплини).

Назив и седиште

Член 2

Полниот назив на Универзитетот е: Република Северна Македонија - Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Скратениот назив на Универзитетот е: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Називот на англиски јазик е: Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Republic of North Macedonia.

Седиштето е во Скопје, на бул. „Гоце Делчев“ бр. 9.

За секојдневна употреба се користи скратениот назив.

Предмет на уредување

Член 3

Со овој Статут на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во натамошниот текст: Универзитет) се утврдуваат и се уредуваат: начинот на остварувањето на улогата, задачите и дејностите на Универзитетот; остварувањето на автономијата на Универзитетот; усогласувањето на посебните, заедничките и општите интереси на единиците; внатрешната организација на Универзитетот и формите на меѓусебна соработка; органите и телата на Универзитетот и на единиците; обезбедувањето квалитет при вршењето на дејноста; развојот и планирањето, финансирањето и управувањето со имотот; високообразовната дејност; научноистражувачката дејност; уметничка дејност; соработката со други високообразовни и научни установи во земјата и во странство; применувачката, односно апликативната и стручната дејност; наставно-научните,

научните и другите звања; правата и обврските на студентите, како и студентското организирање и управување; студентскиот правобранител и други прашања од значење за остварување на дејноста на Универзитетот.

Единиците на Универзитетот ги утврдуваат внатрешните односи и работењето со статут и други акти согласно со закон и овој Статут.

Академска заедница и Етички кодекс

Член 4

Академската заедница ја сочинуваат лицата избрани во наставно-научни, научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања и студентите. Редовните професори остануваат членови на академската заедница и по нивното пензионирање.

Членовите на академската заедица на Универзитетот се должни да го применуваат Етичкиот кодекс на Универзитетот.

АВТОНОМИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

Член 5

Универзитетот, единиците и академската заедница, врз основа на Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори, го уживаат принципот на автономија на Универзитетот при вршењето на својата дејност преку:

1. академската слобода, која опфаќа: слобода на изразување, негување и поттикнување на критичката мисла и свеста кај членовите на академската заедница; слобода во научноистражувачката работа, во уметничкото создавање, во примената и посредувањето на знаењето; самостојно уредување на внатрешната организација и работењето со статутот, донесен во согласност со закон; слобода на изведување на наставата, спроведувањето на научните истражувања, уметничката дејност, односно творештвото и применувачката дејност, вклучувајќи ја слободата на објавување и јавно претставување на научните резултати и уметничките достигања; слобода на студирањето, утврдувањето на правилата на студирање, облиците и видовите на наставно-образовните дејности и на проверката на знаењата на студентите; слобода на избор на студиските програми, во утврдувањето на содржината и на соодносот на задолжителните и на изборните наставни предмети, содржината на наставните предмети и во подготвувањето и изборот на учебници и други учебни помагала; слобода на изборот на методот на интерпретирање на наставните содржини; утврдување услови и критериуми за студии од прв, втор и трет циклус, како и други видови на образование; подготвување, усвојување и остварување на научноистражувачки програми и уметнички проекти и применувачка работа; доделување стручни, академски и научни звања согласно со закон, како и доделување на почесни академски титули; определување посебни услови и постапка за избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања и избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања;

2. автономијата во управувањето, која се изразува преку планирањето, остварувањето и развојот на високообразовната дејност; воспоставувањето и уредувањето на внатрешната организација; донесувањето на статутот и другите општи акти; изборот, именувањето и отповикувањето на органите согласно со законот, статутот и другите општи акти; управувањето и користењето на имотот во согласност со намената за кој е добиен; одлучување за формите на соработка со други организации; здружувањето во

соодветни организации и форуми во земјата и во странство; остварувањето на меѓународна соработка, склучувањето договори и учеството во меѓународни организации и асоцијации и одлучувањето за други прашања утврдени со закон, статут и другите општи акти;

3. **финансиската автономија,** која опфаќа самостојно располагање со средствата добиени од партиципација и школарина од студентите, како и со другите сопствени приходи, самостојно одлучување за акумулацијата на финансиските средства; Универзитетот и единиците можат да формираат фондови и да основаат други форми на организирање од сопствени приходи, од донации и од други извори заради вршење на научноистражувачка, уметничка, издавачка и применувачка дејност;

4. кадровската автономија, која се изразува преку самостојност во одлучувањето за потребата од вработување или ангажирање лица во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, во изборот на лица и дефинирањето на условите за вработување и ангажман во согласност со закон.

Освен академската слобода, автономијата во управувањето, финансиската и кадровската автономија, автономијата на Универзитетот и на единиците вклучува и неповредливост на просторот и неприкосновеност на автономијата.

Член 6

Автономијата на Универзитетот, уредена во член 5, не смее да се применува и толкува на начин кој причинува повреда на човековите права и дискриминација.

Отчетност и одговорност

Член 7

Отчетноста и одговорноста на Универзитетот се изразуваат преку:

1. поднесување годишен извештај за работата во рамките на универзитетската заедница и пошироката јавност;
2. поднесување извештај за финансиското работење пред надлежните органи;
3. создавање внатрешен систем за оцена на ефективноста и квалитетот на остварувањето на дејностите на Универзитетот и информирање на пошироката јавност;
4. остварување надворешна евалуација и самоевалуација согласно со законот, подзаконските акти и актите на Универзитетот.

Неповредливост на универзитетскиот простор

Член 8

Просторот на Универзитетот е неповредлив. Просторот на Универзитетот го опфаќа просторот (објекти и земјиште) во кој се сместени и во кој се остварува дејноста на единиците и Ректоратот, другите придружни објекти, како и просторот наменет за спортски, културни, уметнички, рекреативни и други активности на студентите и вработените на Универзитетот и земјиштето чијшто корисник е Универзитетот, односно единиците.

Неповредливоста на академскиот простор се остварува согласно со закон.

Неприкосновеност на автономијата

Член 9

Автономијата на Универзитетот не може да се нарушува и со:

1. неповикано учество во дејноста на Универзитетот и на единиците;
2. извршување високообразовна и друга дејност што ги загрозува правата на членовите на академската заедница насочени кон дискриминација на човекот и граѓанинот, сврзана со полот, половата ориентација, расата, бојата на кожата, националната и етничката припадност, социјалното потекло, политичкото и верското убедување и припадност, возраста, имотната и општествената положба.

Член 10

Деканите, односно директорите се должни да го известат ректорот на Универзитетот кога ќе констатираат дека во нивната средина се нарушени принципите на автономија.

Член 11

Ректорот, деканот, односно директорот, презема мерки за отстранување на причините што довеле до нарушување на принципите на автономија.

Член 12

Полицијата и другите државни органи на безбедност не можат без согласност на ректорот, деканот, односно директорот или на лице овластено од нив, да влегуваат во овој простор, освен за спречување на извршување кривично дело што непосредно претстои или на започнато кривично дело, за задржување на неговиот сторител, како и во случај на природни и други непогоди.

Во отсуство на ректорот, согласноста од став 1 на овој член ја дава проректорот овластен од него.

Член 13

Доколку просторот на Универзитетот се наруши спротивно на одредбите од законот и овој Статут, ректорот свикува седница на Ректорската управа и ги известува надлежните државни органи.

Доколку просторот на Универзитетот се наруши спротивно на одредбите од овој Статут, ректорот, во име на Универзитетот, веднаш по констатирањето на нарушувањето на просторот на Универзитетот, поведува соодветна законска постапка против лицата кои го нарушиле просторот на Универзитетот.

Член 14

На Универзитетот и на единиците се забранува партиско организирање и дејствување, како и истакнување на партиски обележја.

На Универзитетот и на единиците се забранува верско организирање и дејствување, како и истакнување на верски обележја, освен на единиците на верските заедници основани со закон.

Мирно решавање на спорот

Член 15

Споровите меѓу членовите на академската заедница на Универзитетот, како и споровите меѓу самостојните високообразовни установи и нивните единици се решаваат спогодбено, во заедничките органи и на друг начин на разбирање.

За решавање на споровите на Универзитетот, ректорот формира совет за посредување, кој учествува и помага во разрешувањето на настанатата состојба. Извештајот на советот се доставува до ректорот, а по потреба и до Ректорската управа.

Доколку спорот од ставот 1 на овој член не може да се реши на некој од начините предвидени во ставот 2 на овој член, спорот се решава по судски пат.

При решавањето на споровите не може да се попречува редовното извршување на дејноста на Универзитетот и на единиците. Во спротивно, ректорот е должен да свика вонредна седница на Ректорската управа заради преземање соодветни мерки за спречување, односно за отстранување на последиците предизвикани од настанатата состојба.

ЕДНАКВОСТ, НЕДИСКРИМИНАЦИЈА И ИНКЛУЗИЈА

Заштита од дискриминација и гаранции за еднаквоста во високото образование

Член 16

Универзитетот и единиците изработуваат и спроведуваат политики насочени кон заштита од дискриминација и промоција на еднаквоста.

Универзитетот со свој акт ќе уреди правила, процедури и критериуми со кои:

- ќе се гарантира еднаквоста во високото образование;
- ќе се елиминира незаконската дискриминација, вознемирување и виктимизација согласно со одредбите на Законот за спречување и заштита од дискриминација и Законот за еднакви можности на жените и мажите;
- ќе се поддржуваат еднаквите можности за граѓаните кои споделуваат карактеристики кои се предвидени како можни основи за дискриминација;
- ќе се забранат сите форми на родово засновано насилство и одржување на негативните родови стереотипи преку содржините, практиките и во останатите области од високото образование.

Единиците на Универзитетот изработуваат и спроведуваат сопствени акти за заштита од дискриминација и промоција на еднаквоста кои произлегуваат од политиките на Универзитетот.

Член 17

На Универзитетот и на единиците се забранува кој било облик на директна и индиректна дискриминација и вознемирување при:

- процесот на запишување на студии;
- образовниот процес;
- достапноста до услуги, бенефиции и објекти;
- вработувањето, кариерното напредување, изборот во звања и престанокот на вработувањето, согласно со закон;
- бенефициите поврзани со работата на Универзитетот и можностите за развој;
- трансферите и обуките;
- студентското организирање;
- содржината на студиските програми;
- управувањето и учеството во органите и телата на Универзитетот и единиците на Универзитетот;
- финансирањето на високото образование;

- која било друга област од високото образование.

Тело за еднаквост, недискриминација и инклузија

Член 18

На Универзитетот се формира тело за еднаковост, инклузија и недискриминација.

Единиците на Универзитетот можат да формираат свои тела за еднаквост, инклузија и недискриминација, согласно со статутот на единицата.

Член 19

Телото за еднаквост, недискриминација и инклузија има седум членови.

Членовите на телото од став 1 на овој член се избираат од редот на студентите и на сенаторите.

Членовите од редот на студентите ги избира Универзитетското студентско собрание.

При избор на членовите на телото за еднаквост, недискриминација и инклузија, Универзитетот води сметка за родовата застапеност и принципот на правична застапеност на претставниците од различните заедници и научните подрачја.

Член 20

Телото за еднаквост, недискриминација и инклузија:

- се грижи за спроведувањето на политиките на еднаквост и недискриминација;
- предлага донесување на нови политики, процедури и протоколи за еднаквост, инклузија и недискриминација;
- известува и презема мерки за отстранување на дискриминаторски практики на Универзитетот;
- спроведува истражување на состојбите со еднаквост, недискриминација и инклузија и известува за нив;
- постапува по претставки за дискриминација и вознемирување;
- ги информира вработените и студентите за политиките на еднаквост и недискриминација;
- спроведува едукација на вработените и студентите за еднаквост и недискриминација;
- презема други активности и мерки во насока на промоција на еднаквост, недискриминација и инклузија.

Универзитетот обезбедува административно-технички услови за работа на телото за еднаквост, недискриминација и инклузија. Стручната и административна служба на Универзитетот ги врши административно-техничките работи на телото.

Телото за еднаквост, недискриминација и инклузија, во извршувањето на своите надлежности, соработува со ректорот, деканот, односно директорот и со студентскиот правобранител.

Член 21

Начинот на работа, обврските на членовите и активностите на телото за еднаквост, недискриминација и инклузија, како и условите и начините за постапување на и пред телото за еднаквост, недискриминација и инклузија во постапките по претставки против

дискриминација, нееднаквост и инклузија, на студентите и вработените, се утврдуваат со правилник што го донесува Сенатот.

Афирмативни мерки

Член 22

На Универзитетот и единиците на Универзитетот се применуваат афирмативни мерки.

Афирмативните мерки можат да се однесуваат на вработувањето, запишувањето на студии, образовниот процес и која било друга област од високото образование.

Квотите, стипендиите и посебната поддршка можат да се третираат како афирмативни мерки.

Универзитетскиот сенат ја цени можноста квотите, стипендиите и посебната поддршка да се третираат како афирмативни мерки.

ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

Јавност на седниците

Член 23

Работата на Универзитетот е јавна.

Седниците на органите на Универзитетот се јавни и достапни на средствата за јавно информирање.

По исклучок, кога на седниците на органите се расправа за прашања кои претставуваат службена, деловна или друга тајна, со одлука на органот, јавноста се исклучува.

Известување на јавноста

Член 24

За работата на Универзитетот, за одлуките на органите на Универзитетот и, воопшто, за дејноста на Универзитетот, Универзитетот ја известува јавноста преку дневниот печат, радиото и телевизијата.

Универзитетот има своја веб-страница во интернет-мрежата, преку која се обезбедува достапност на релевантни податоци и информации од дејноста и работењето на Универзитетот.

Член 25

Ректорот на Универзитетот, а во негово отсуство проректорот овластен од ректорот, даваат усни известувања или известувања преку средствата за јавно информирање по прашања што се однесуваат на Универзитетот.

За редовно информирање на јавноста за тековното работење на Универзитетот, ректорот може да назначи портпарол.

За прашања што се однесуваат на единиците, известувања дава деканот, односно директорот.

Јавни гласила

Член 26

Универзитетот издава јавни гласила, и тоа:

1. Универзитетски гласник, каде што се објавуваат општите акти на Универзитетот, единиците и на придружните членки, како и други акти утврдени со овој Статут;
2. Билтен на Универзитетот, каде што се објавуваат рецензии, реферати и други акти на Универзитетот, единиците и на придружните членки, утврдени со општите акти на Универзитетот;
3. Универзитетски весник, каде што се објавуваат тековните активности од работата на Универзитетот, единиците и на придружните членки;
4. други јавни гласила и медиуми.

По потреба, Универзитетот може да издава и други јавни гласила. Одлука донесува Ректорската управа.

Јавните гласила се објавуваат во електронска или печатена форма.

Деловна тајна

Член 27

За деловна тајна на Универзитетот се сметаат документите и податоците што се утврдени со акт на Ректорската управа.

Со актот од став 1 на овој член, Универзитетот ги чува како тајна и документите и податоците кои овозможуваат заштита на приватноста или се во интерес за заштита на моралот.

Класифицирани информации

Член 28

Универзитетот ги чува како тајна документите и податоците што надлежен орган ги прогласил за класифицирани информации согласно со Законот за класифицирани информации, како и информациите кои, како доверливи, му ги доставил или за кои го известил надлежниот орган, документите од областа и за потребите на АРМ, документите од меѓународната соработка, ако се означени како строго доверлива тајна, работите од одбраната, како и документите што се од посебно значење во согласност со закон.

За ефикасно и координирано извршување на правата и обврските што се однесуваат на класифицираните информации се определува овластено лице, кое треба да поседува соодветен безбедносен сертификат.

Државна тајна

Член 29

Документите и податоците што се сметаат за државна тајна, ректорот или овластено лице од него може да им ги соопшти на други овластени лица.

Ректорот може да соопшти државна тајна само на лица овластени со закон.

Државната тајна, како и документите и податоците што се сметаат за државна тајна е должен да ги чува секој вработен на Универзитетот, ако на кој и да било начин дознал за нив.

ДЕЈНОСТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ И НА ЕДИНИЦИТЕ

Дејности на Универзитетот

Член 30

Основна дејност на Универзитетот е да образува студенти и да ги развива науката и уметноста.

Универзитетот ги интегрира функциите на своите единици (функционална интеграција на образовна, научна и уметничка дејност) и со своите органи го обезбедува нивното усогласено дејствување, согласно со Законот за високото образование, како и преку:

1. остварување на единствен стратегиски развој;
2. донесување на стандарди, нормативи и правила за организација и за вршење на високообразовната, научноистражувачката и уметничката дејност;
3. реализација на европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС);
4. поврзаност на наставата со науката;
5. учество во домашни и во меѓународни проекти;
6. остварување соработка и партнерство со: универзитети, национални и други академии, бизнис-заедницата, јавни и приватни институти и центри и со други домашни и странски субјекти, заради унапредување на високообразовната, научноистражувачката и применувачката, односно апликативната дејност;
7. трансферирање на средства до единиците на Универзитетот согласно со актите на Универзитетот;
8. организирање заеднички студиски програми;
9. организирање заеднички студиски програми со домашни и со странски високообразовни установи;
10. организирање меѓународни студиски програми и унапредување на европската димензија во високото образование;
11. остварување на применувачка и високостручна дејност;
12. усогласено дејствување во финансискиот сектор, во инвестициите и во развојните планови;
13. профилирање на научните истражувања и уметничкото творештво и нивна финансиска поддршка;
14. определување на посебни услови за избор и за напредување во наставно-научни, научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања;
15. соработка со универзитетите во земјата и во странство;
16. водење на политика за мобилност на студентите, наставниците, соработниците и на административниот кадар;
17. создавање на правила за рационално користење на човековите и на материјалните ресурси;
18. организирање на студентите и развој на нивните воннаставни активности;
19. создавање на систем за обезбедување и контрола на квалитетот;
20. воспоставување на стандарди во наставата;
21. воспоставување на информационен систем;
22. воспоставување на библиотечен систем;
23. остварување на издавачка дејност;
24. издавање на дипломи;
25. организирање на научни и уметнички собири;
26. трансферирање на средства до единиците на Универзитетот и до универзитетските организации за културни и за спортски активности;
27. издавање на обрасци и други документи за потребите на студентите;
28. организирање на стручна, односно административно-техничка служба;
29. водење и чување на универзитетска документација;
30. грижа за заштитата и унапредувањето на стандардот на студентите и вработените;

31. создавање на програма за размена на научни и стручни услуги и производи со домашни и странски физички и правни лица;
32. осигурување на имотот на Универзитетот и неговите единици;
33. организирање зимски/летни универзитети и други форми на едукација;
34. организирање студии надвор од Република Северна Македонија;
35. применувачка дејност;
36. развој на нови дејности;
37. вршење на други дејности и работи определени со закон и со овој Статут.

Дејности на единицата на Универзитетот

Член 31

Единицата на Универзитетот, во рамките на својата дејност:

1. ги планира остварувањето и развојот на дејностите во рамките на Универзитетот за кои е основана во согласност со буџетските средства и од самофинансирачките активности, донации и слично;
2. врши високообразовна, научноистражувачка, применувачка, односно уметничка дејност во една или повеќе сродни, односно меѓусебно поврзани научни и стручни дисциплини и уметнички области;
3. врши здравствена дејност согласно со членовите 38 и 88 од Законот за здравствената заштита (Службен весник на Република Македонија бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/24, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/20, 37/16 и 20/19);
4. остварува меѓународна соработка со сродни високообразовни и научни установи согласно со овој Статут;
5. организира конгреси, симпозиуми и други научни, уметнички и стручни собири, како и теренска настава во земјата и во странство согласно со овој Статут;
6. во рамките на интегрираниот библиотечно-информациски систем на Универзитетот, ја организира работата на библиотеката и остварува библиотечно-информациска и документациска дејност;
7. издава уверенија и други документи за завршени студии и други видови образование, според условите утврдени со овој Статут, како и други документи за статусот на студентот во текот на студирањето;
8. врши издавачка дејност согласно со актите на Универзитетот;
9. предлага и презема мерки за унапредување и заштита на стандардот на студентите и вработените;
10. остварува различни форми за надградување, продлабочување или проширување на знаењата и континуирано образование;
11. разменува научни, уметнички и стручни услуги и производи со домашни и странски физички и правни лица;
12. организира стручна и административна служба;
13. се грижи и презема мерки за усовршување на кадрите што изведуваат високообразовна, научноистражувачка и уметничка дејност и за кадрите во стручната и административна служба;
14. учествува и реализира домашни и меѓународни проекти;
15. се грижи и презема мерки за тековно и инвестициско одржување на објектите и имотот;
16. разни видови осигурувања;

17. врши и други работи утврдени со закон и со овој Статут.

СТУДЕНТИ

Статус на студент

Член 32

Статусот на студент, а со тоа и член на академската заедница, се стекнува со запишување на прв, втор и трет циклус студии на Универзитетот.

Статусот на студент се докажува со индекс или со студентска легитимација.

Права и обврски на студентите

Член 33

Студентите имаат права и обврски утврдени со закон, овој Статут, со актите на Универзитетот и единицата.

Студентите на сите степени на високо образование кои се без родители, слепи, глуви, инвалиди од прва и втора група, мајки со деца до шестгодишна возраст и хоспитализирани имаат право и на дополнителни испитни рокови за завршно оценување.

Продолжување на прекинатите студии

Член 34

Се смета дека студентот ги прекинал студиите доколку не запише семестар, заклучно до почетокот на наредниот семестар, иако ги исполнил условите.

Студентот има право да ги продолжи прекинатите студии.

Доколку за време на прекинот на студиите се измени студиската програма, студентот е должен да ги слуша и да ги полага разликите во изменетата студиска програма.

За времетраењето на прекинот на студиите, студентот не плаќа партиципација, односно школарина.

Постапката и правилата за продолжување на прекинатите студии се утврдуваат со правилата за студирање на Универзитетот, односно единицата.

Престанок и обновување на статусот на студент

Член 35

На студентот му престанува статусот на студент, ако студентот:

1. дипломира;
2. не ги заврши студиите во рокот утврден со закон, статутот или правилата за студирање на единицата, а во согласност со правилата за студирање на Универзитетот;
3. се испише;
4. е исклучен;
5. во други случаи утврдени со правилата за студирање на Универзитетот и на единицата.

Статусот од ставот 1 на овој член може да биде обновен според постапката утврдена со статутот на единицата, освен ако статусот не престанал со трајно исклучување. Трошоците за обновување на статусот ги поднесува студентот, а тие се определуваат со правилата за студирање на Универзитетот.

По обновување на статусот, студентот може да ги продолжи студиите по студиската програма која се применува.

Доколку е изменета студиската програма, студентот е должен да ги ислуша, да ги исполни и да ги полага разликите во студиската програма.

На студентот на кој му е обновен статусот ги продолжува студиите согласно со правилата за студирање на единицата, а во согласност со правилата за студирање на Универзитетот.

ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ НА СТУДЕНТИТЕ

Основи за дисциплинска одговорност на студентите

Член 36

Во текот на студиите, студентите мора да се придржуваат до законот, Статутот на Универзитетот и на единицата, правилниците за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трите циклуси на студии на Универзитетот, правилникот на Универзитетот и на единицата за постапката и правилата за студирање, Правилникот на Универзитетот за превенирање на фиксирање, умножување и продажба на авторско дело без дозвола од авторот, односно издавачот, како и на другите акти на Универзитетот и единиците.

Член 37

За повреда на должностите и за неисполнување на обврските, по спроведена дисциплинска постапка, на студент може да му се изрече дисциплинска мерка.

Дисциплинска мерка изрекува комисија за дисциплински мерки на единицата на Универзитетот.

Постапката за дисциплинската одговорност се спроведува врз начелото на праведност и сослушување од страна на комисијата за дисциплински мерки.

Дисциплинската постапка се води против студент на единицата каде што е запишан студентот.

Дисциплинската комисија е составена од три члена.

Членовите имаат свои заменици.

Претседателот на комисијата за дисциплински мерки на единицата на Универзитетот е од редот на наставниците, еден член може да биде од редот на соработниците и еден член е претставник на студентите од единицата.

Членовите на дисциплинската комисија и нивните заменици се избираат од страна на наставно-научниот, односно научниот совет.

Видови дисциплински повреди

Член 38

Како лесни дисциплински повреди се сметаат:

1. нарушување на јавниот ред и мир во текот на наставата;
2. непристојно однесување спрема наставниците, соработниците или другите вработени, како и спрема другите студенти;
3. регистрирање присуство на настава на друг студент;

4. небрежно однесување спрема имотот на единицата, што може да доведе до оштетување во проценет износ до 100 евра во денарска противвредност.

Член 39

Како тешки дисциплински повреди се сметаат:

1. поседување и користење направи за телефонска и електронска комуникација во текот на испитите;
2. препишување или давање каква било помош на друг студент во текот на испитите;
3. недозволено носење опрема за аудио и/или видеофиксирање на авторско дело, вклучувајќи и приклучени мобилни телефони, од страна на студентите, при изведувањето на предавањата, вежбите и интерактивната настава;
4. плагијаторство во форма на пренесување туѓ семинарски труд, домашна задача или академски есеј или друга форма која требало да биде изработена самостојно или во група, во свое име;
5. физички напад со нанесување лесна или тешка телесна повреда;
6. вербална или реална навреда на наставник или соработник;
7. давање неточни податоци на органите на единицата;
8. упад во информатичкиот систем на Универзитетот, односно на единицата (веб-страница, електронски досиеја, интерни информациони мрежи и сл.);
9. оштетувања во проценет износ над 100 евра во денарска противвредност поради непридржување кон пропишаните правила или безобѕирен однос спрема имотот на Универзитетот, односно единицата, како и присвојување предмети што се сопственост на Универзитетот, односно единицата;
10. повторени лесни дисциплински повреди.

Видови дисциплински мерки

Член 40

За сторена дисциплинска повреда, на студентот може да му се изрече една од следниве дисциплински мерки:

1. опомена;
2. јавна опомена;
3. исклучување (се применува за учебната година во која е изречена).

Мерката исклучување може да се замени со мерка забрана за полагање на испитот до 3 испитни рока.

Со цел индивидуализација во определувањето на дисциплинските мерки, се води сметка за приспособување на изречената мерка според тежината на сторената дисциплинска повреда.

Доколку дисциплинската повреда е сторена во врска со наставата (предавања, вежби, континуирано и завршно оценување), со изрекувањето на дисциплинската мерка на студентот може да му се забрани полагање колоквиум или испит по соодветниот предмет во наредниот испитен рок.

Поведување и тек на дисциплинската постапка

Член 41

Дисциплинската постапка се поведува со писмено барање. Писменото барање се предава во архивата на единицата, и тоа преку деканот, односно директорот се доставува до дисциплинската комисија.

Барање за поведување на дисциплинска постапка може да поднесе наставник, асистент, демонстратор, стручен соработник, студент или вработен на единицата.

Член 42

Барањето за поведување на постапката се поднесува во писмена форма и мора да содржи:

1. име и презиме на лицето што ја пријавува дисциплинската повреда;
2. податоци за сторителот на повредата;
3. опис на настанот;
4. докази за утврдување одговорност.

Член 43

Врз основа на писменото барање за поведување на постапката, комисијата донесува решение за поведување дисциплинска постапка.

Решението од став 1 на овој член се доставува до:

1. подносителот на барањето за поведување на постапката;
2. лицето против кое се поведува дисциплинската постапка - на рака или со препорачана пратка на домашна адреса што студентот ја дал при запишувањето.

Член 44

Пред изрекувањето на дисциплинската мерка, студентот се сослушува во врска со настанот од страна на комисијата.

Студентот се известува усно или со покана преку препорачана пратка на адресата што студентот ја пријавил како домашна во досието на единицата. Студентот може да биде известен и електронски на адресата што единицата му ја доделила, при што треба да се добие потврда дека пораката е примена.

Доколку студентот не се појави пред дисциплинската комисија и не го оправда отсуството, комисијата ќе донесе соодветна одлука врз основа на достапниот доказен материјал.

Доколку студентот поднел писмена изјава преку архивата на единицата до дисциплинската комисија, таа цени дали неговото повикување е неопходно.

Член 45

Дисциплинската комисија, со решение, може да донесе една од следниве одлуки:

1. отфрлање на барањето за поведување на постапката поради застареност, или
2. одбивање на барањето поради недоволно докази за сторена дисциплинска повреда, или
3. изрекување дисциплинска мерка.

Член 46

Донесеното решение за изрекување дисциплинска мерка се доставува до:

1. подносителот на барањето;

2. студентот;
3. архивата;
4. службата за студентски прашања.

Диспозитивот на решението за изрекување на дисциплинските мерки исклучување и јавна опомена се истакнуваат на огласна табла на единицата за соодветната година (ако ја има) или на интранетот на единицата и се впишува во досието на студентот.

Член 47

Против одлуката на дисциплинската комисија, студентот може да поднесе жалба до наставно-научниот, односно научниот совет на единицата, како второстепен дисциплински орган, во рок од 15 дена од денот на прием на решението за изрекување на дисциплинската мерка.

Член 48

Наставно-научниот, односно научниот совет ја разгледува жалбата на првата седница по поднесувањето на приговорот и може да донесе одлука со која:

1. го потврдува решението за изрекување дисциплинска мерка донесена од дисциплинската комисија;
2. ја отфрла жалбата како недозволена или ненавремена;
3. ја прифаќа жалбата како основана и го преиначува диспозитивот на решението за изрекување дисциплинска мерка.

Застарување на дисциплинската одговорност

Член 49

Покренувањето на дисциплинската постапка застарува во рок од 6 месеци од сторувањето, односно 30 дена од дознавањето за сторената дисциплинска повреда. Дисциплинската постапка е итна.

Годишен извештај за работа

Член 50

Дисциплинската комисија е должна еднаш годишно да поднесува извештај за својата работа до наставно-научниот, односно научниот совет на единицата.

Студентски правобранител

Член 51

Заради заштита на правата на студентите на Универзитетот, се избира студентски правобранител од редот на редовните студенти на Универзитетот.

Член 52

Студентскиот правобранител ги штити законските права на студентите и правата утврдени со актите на Универзитетот и на единиците.

Член 53

Студентскиот правобранител постапува кога правата на студентите од член 52 од овој Статут им се повредени од органите на Универзитетот и единиците, како и од лицата вклучени во наставно-образовниот процес.

Член 54

Студентскиот правобранител има заменици.

Член 55

Студентскиот правобранител дава свечена заклетва пред Сенатот дека својата функција ќе ја врши одговорно, во рамките на законот и актите на Универзитетот.

Член 56

Надлежноста, условите за избор, постапката за избор и разрешување и работата на студентскиот правобранител и замениците студентски правобранители се утврдуваат со акти на Универзитетот, неговите единици и студентското собрание.

Член 57

Актот на Универзитетот од член 56 од овој Статут се донесува од страна на Сенатот, а на единицата, од страна на наставно-научниот, односно научниот совет.

ОРГАНИЗИРАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ И УЧЕСТВО НА СТУДЕНТИТЕ ВО УПРАВУВАЊЕТО

Студентско организирање

Член 58

Студентските собранија се тела на Универзитетот и на неговите единици во кои членуваат претставниците на студентите, кои ги претставуваат нивните интереси, барања и предлози.

Член 59

Универзитетското студентско собрание е тело на Универзитетот во кое членуваат претставници на студентите од единиците на Универзитетот.

Универзитетското студентско собрание ги штити интересите на студентите, учествува, преку свои претставници, во работата на органите и телата на Универзитетот и ги претставува студентите во рамките на високото образование како членови на академската заедница.

Член 60

Универзитетското студентско собрание работи согласно со Законот за високото образование, овој Статут и актите на Универзитетот, како и согласно со Статутот на Универзитетското студентско собрание.

Член 61

Универзитетското студентско собрание го сочинуваат по двајца претставници од факултетските студентски собранија во состав на Универзитетот со мандат од една година, со право за уште еден избор.

Член 62

Претседателот на Универзитетското студентско собрание се избира од редот на именуваните претставници во Универзитетското студентско собрание.

Претседателот на Универзитетското студентско собрание се избира за време од една година, со право за уште еден избор.

Член 63

Универзитетското студентско собрание има свои органи и тела кои ги утврдува со статут, кој го донесува по претходна согласност на Сенатот на Универзитетот.

Член 64

Членовите и претседателот на факултетското студентско собрание се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање, со мандат од една година и со право за уште еден избор.

Член 65

Изборите од член 64 од овој Статут, со одлука, ги распишува деканот на факутетот во рок од 30 дена пред нивното одржување.

Во одлуката од став 1 на овој член, деканот именува изборна комисија која ќе ги спроведе изборите за членови на факултетското студентско собрание.

Во изборната комисија членуваат двајца наставници, односно соработници и тројца студенти.

Комисијата од став 3 на овој член избира избирачки одбори/поткомисии составени од двајца студенти и еден наставник, односно соработник за спроведување на изборите.

Член 66

Изборите се спроведуваат во работни денови во текот на неделите за настава во соодветниот семестар.

Член 67

Поблиски одредби за постапката за избор и бројот на членови на факултетското студентско собрание се утврдуваат со статутот на единицата.

Учество на студентите во управувањето

Член 68

Претставниците на Универзитетското студентско собрание во органите и телата на Универзитетот, на состанок, ги избира и ги разрешува Универзитетското студентско собрание и до ректорот доставува записник од извршениот избор и одлука за избор, потпишана од претседателот во рок од 3 дена по извршениот избор.

Постапката за избор и разршување на претставниците од ставот 1 на овој член се утврдува со статутот на Универзитетското студентско собрание.

Во случај на престанок на мандат на претставник од ставот 1 на овој член, Универзитетското студентско собрание е должно да избере нов член во рок од 14 дена од денот на престанокот на мандатот.

До изборот, претставникот не се смета во вкупниот број членови во органите и телата на Универзитетот.

Член 69

Факултетското студентско собрание ги избира и ги разрешува претставниците на студентите во органите и телата на факултетот согласно со Законот за високото образование, овој Статут и статутот на единицата.

Претседателот или овластено лице на факултетското студентско собрание свикува состанок на кој се врши избор или разрешување на претставници на студентите во органите и телата на факултетот, за што до деканот се доставуваат потпишани записник и одлука за извршениот избор.

Финансирање на студентските собранија

Член 70

Работата на Универзитетското студентско собрание и на факултетските студентски собранија се финансира од средствата на Универзитетот, односно единицата, како и од легати, подароци, завештанија, прилози и други извори согласно со планот за активности и можностите на Универзитетот, односно единицата, согласно со закон и акт на Универзитетот, односно единицата.

Студентските собранија располагаат со средствата на начин утврден со нивниот статут.

Универзитетот и единиците се должни да им овозможат на студентските собранија автономно располагање со средства за нивната работа согласно со закон и нивните општи акти.

Универзитетот и единиците вршат надзор над наменското трошење на средствата кои им ги доделуваат на студентските собранија.

Универзитетското студентско собрание доставува полугодишен извештај за трошењето на средствата. Извештајот се доставува во рок од еден месец од истекот на шестомесечието.

Извештајот, со образложена одлука, се усвојува или не се усвојува од страна на Сенатот.

Начинот на вршење надзор над трошењето на средствата од страна на факултетското студентско собрание се утврдува со статутот на единицата.

СВОЈСТВО НА ПРАВНО ЛИЦЕ

Член 71

Универзитетот е самостојна високообразовна установа и има својство на правно лице.

Универзитетот има сметка на која се водат средствата стекнати од Буџетот на Република Северна Македонија и сметки на кои се водат средствата стекнати од други извори и посебни приходи.

Во правниот промет со трети лица, Универзитетот настапува во свое име и за своја сметка. За обврските преземени во правниот промет со трети лица одговара со средствата стекнати од: Буџетот на Република Северна Македонија, други извори и посебни приходи.

Исполнувањето на обврските што Универзитетот ги има спрема трети лица не може да се изврши од средствата на единиците со кои самостојно располагаат, согласно со овој Статут.

Овластувања на единиците

Статутарни овластувања

Член 72

Единиците на Универзитетот имаат права и обврски, определени со закон и со овој Статут.

Единиците на Универзитетот немаат својство на правно лице.

Единиците на Универзитетот настапуваат во правниот промет под називот на Универзитетот и под својот назив.

Единиците на Универзитетот настапуваат во правниот промет според овластувањата определени со овој Статут.

Во рамките на сметките на Универзитетот од член 71 од овој Статут, единиците имаат сметки на кои се водат средствата стекнати од Буџетот на Република Северна Македонија и сметки на кои се водат средствата стекнати од други извори.

Единиците на Универзитетот самостојно, во свое име и за своја сметка (во рамките на своите овластувања), настапуваат во правниот промет со трети лица заради остварување на дејностите утврдени со закон, овој Статут и актите на Универзитетот.

Единиците на Универзитетот самостојно, во свое име и за своја сметка, настапуваат во правниот промет со трети лица во располагањето со средствата стекнати од Буџетот на Република Северна Македонија (член 257, став 1, точка 1) и со средствата стекнати од други извори (член 257, став 1, точка 2), по намирувањето на обврските утврдени со член 261 од овој Статут.

Пренесени овластувања

Член 73

Покрај изворните и статутарните овластувања, единиците можат во правниот промет да настапуваат и со овластување од ректорот за дејности кои се во надлежност на Универзитетот.

Единиците на Универзитетот, со овластување на ректорот, самостојно располагаат со средствата стекнати од посебни приходи (член 257, став 1, точка 3) по намирувањето на обврските утврдени со член 260 од овој Статут.

Одговорност на единиците

Член 74

За обврските преземени во правниот промет со трети лица, единиците одговараат со средствата со кои самостојно располагаат, согласно со овој Статут.

При исполнувањето на обврските што единицата ги има спрема трети лица, исполнувањето не може да се изврши од средствата на Универзитетот и од средствата на другите единици.

Овластувања на организационите единици

Член 75

Организационите единици во состав на Универзитетот можат да имаат определени права во правниот промет и во поглед на управувањето и раководењето, во

обем и под услови определени со актот за основање. За обврските на организационите единици одговара Универзитетот.

ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ

Застапување на Универзитетот

Член 76

Во рамките на своите надлежности утврдени со закон и со актите на Универзитетот, ректорот го застапува и го претставува Универзитетот без ограничувања.

Овластувањата на ректорот се запишуваат во Централниот регистар.

Документите од надлежност на Универзитетот ги потпишува ректорот.

Ректорот може дел од своите овластувања да ги пренесе на проректорите и на генералниот секретар.

Застапување на единицата

Член 77

Во рамките на своите надлежности утврдени со закон и со актите на Универзитетот, деканот го застапува и го претставува факултетот, без ограничувања.

Овластувањата на деканот се запишуваат во Централниот регистар.

Документите од надлежност на факултетот ги потпишува деканот.

Деканот може дел од своите овластувања да ги пренесе на продеканите.

Член 78

Во рамките на своите надлежности утврдени со закон и со актите на Универзитетот, директорот го застапува и го претставува научниот институт, без ограничувања.

Овластувањата на директорот се запишуваат во Централниот регистар.

Документите од надлежност на научниот институт ги потпишува директорот.

Директорот може дел од своите овластувања да ги пренесе на заменик-директорот.

ПЕЧАТ, СИМБОЛИ И ДРУГИ ОБЕЛЕЖЈА

Печат

Општа одредба

Член 79

Универзитетот и единиците имаат свој печат.

Печатот на Универзитетот ги содржи називот и седиштето на Универзитетот.

Печатот на единицата, покрај својот назив и седиште, задолжително го содржи и името Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во печатот на Универзитетот и на единицата е содржано името Република Северна Македонија.

Во средината на печатот на Универзитетот и на единиците е грбот на Република Северна Македонија.

Во печатот на придружната членка од групата на јавно-научни установи е содржан текстот: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, називот на придружната членка со додавка – придружна членка.

Другите придружни членки ги утврдуваат формата и содржината на печатот со свој акт.

Член 80

Универзитетот има два печата:

1. сув жиг – печат со тркалезна форма, во средината со грбот на Република Северна Македонија и натпис во два реда. Во надворешниот ред: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во внатрешниот ред: Република Северна Македонија. Овој печат се употребува за издавање дипломи;
2. печат со тркалезна форма, во кој во средината е грбот на Република Северна Македонија и натпис во два реда. Во надворешниот ред: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во внатрешниот ред: Република Северна Македонија. Овој печат се употребува за архивското работење на Универзитетот.

Единицата има печат со тркалезна форма во кој во средината е грбот на Република Северна Македонија и натпис во два реда. Во надворешниот ред: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, називот на единицата, а во внатрешниот ред: Република Северна Македонија. Овој печат се употребува за архивското работење на единицата.

Штембил

Член 81

Штембилот на Универзитетот е правоаголен и на него е испишан следниов текст: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ , број ___,___/___година, Скопје.

Штембилот се употребува за архивското работење на Универзитетот.

Штембилот на единицата е правоаголен и на него е испишан следниов текст: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, назив на единицата, број ___,___/___година, Скопје.

Штембилот се употребува за архивското работење на единицата.

Во штембилот на придружната членка од групата на јавно-научни установи е содржан текстот: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, називот на придружната членка со додавка – придружна членка.

Другите придружни членки ги утврдуваат формата и содржината на печатот со свој акт.

Симболи

Член 82

Симболи на Универзитетот се: грб, знаме и химна.

Грб

Член 83

Грбот на Универзитетот го симболизира раѓањето на првата писменост кај словенските народи преку ликовите на браќата светите Кирил и Методиј. Над ликовите полукружно е испишан натписот: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Ликовно-графичкиот приказ на грбот е составен дел на овој Статут.

Знаме

Член 84

Знамето на Универзитетот е бело со правоаголна форма, во средината го содржи грбот на Универзитетот, а во долниот дел пишува: ACADEMIAFLOREAT.

Ликовно-графичкиот приказ на знамето е составен дел на овој Статут.

Химна

Член 85

Химна на Универзитетот е свечената песна за браќата св. Кирил и Методиј со музика и текст на Таки Хрисиќ.

Текстот на химната е составен дел на овој Статут.

Употреба на грбот, знамето и химната

Член 86

Со грбот, знамето и химната се претставуваат Универзитетот и единицата.

Единиците соодветно ги употребуваат симболите на Универзитетот на начин и под услови утврдени со овој Статут.

Член 87

Грбот на Универзитетот се употребува на знамето, дипломите, плакетата, повелбата, меморандумот и изданијата на Универзитетот, како и на пригодни ковани пари што се издаваат по повод јубилејни прослави на Универзитетот.

Член 88

Знамето на Универзитетот постојано е истакнато на објектот на Ректоратот на Универзитетот и на објектите на единиците и на придружните членки.

Знамето на Универзитетот се истакнува и по повод патрониот ден на Универзитетот, на прослави, свечености и други активности, кои се од значење за Универзитетот и единиците, а може да се истакне при одржување на меѓународни универзитетски средби, натпревари и други собири во согласност со правилата и практиката на одржувањето на тие собири, како и при спортски натпревари и други спортски активности на Универзитетот и на единиците.

Член 89

Химната на Универзитетот се изведува на прослави, промоции и други свечени и спортски манифестации на Универзитетот и на единиците и придружните членки, при меѓународни универзитетски средби и други собири во согласност со правилата и практиката на одржувањето на тие собири.

Химната се изведува со свирење, со пеење или со свирење и пеење.

Други обележја

Плакета

Член 90

Универзитетот има плакета. Плакетата ги содржи ликовите на браќата светите Кирил и Методиј. Над ликовите полукружно е испишан натписот: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Плакетата се доделува на заслужни правни и физички лица, кои со својата работа дале посебен придонес за развојот на Универзитетот во областа на наставно-образовната, научноистражувачката и уметничката дејност.

Поблиски одредби за доделување плакета и повелба донесува Ректорската управа.

Отпечатокот на симболот од плакетата, односно печатот на Универзитетот претставува и знак на Универзитетот.

Ректорски инсигнии

Член 91

Ректорските инсигнии го содржат грбот на Универзитетот и се состојат од меѓусебно поврзани гравури, кои ги симболизираат словенската писменост и култура.

Ректорските инсигнии ги носи ректорот на Универзитетот при прослави, промоции и други свеченост на Универзитетот и на единиците, при претставување на Универзитетот на меѓууниверзитетски и меѓународни средби и сл.

Проректорски инсигнии

Член 92

Проректорските инсигнии го содржат грбот на Универзитетот и делот што ги симболизира словенската писменост и култура, поставени во средината на инсигниите, како и две обележја од ректорските инсигнии, странично поставени и непосредно поврзани со грбот. Овие инсигнии се со помали димензии од ректорските.

Проректорските инсигнии ги носат проректорите на Универзитетот при прослави, промоции и други свеченост на Универзитетот и на единиците, при претставување на Универзитетот на меѓууниверзитетски и меѓународни средби и сл.

Инсигнии за деканите на факултетите и
за директорите на научните институти

Член 93

Единствени основи за инсигниите за деканите на факултетите и за директорите на научните институти се грбот на Универзитетот и делот што ги симболизира словенската писменост и култура и две обележја од дејноста на факултетот, односно научниот институт.

Одора

Член 94

На Универзитетот се востановува одора за: ректорот, проректорите, деканите, продеканите на факултетите, директорите на научните институти (единици) и придружните членки.

Одората е во црна боја со додаток во темноцрвена боја. Едниот дел од додатокот продолжува до половината на предната страна на одората, а другиот дел се префрла преку левото рамо и продолжува на грбот. Преку додатокот се поставуваат инсигниите.

Одората се носи при промоции, прослави и други свеченост на Универзитетот, единиците и на придружните членки, при претставување на Универзитетот на меѓууниверзитетски и меѓународни средби и сл.

Член 95

Поблиски одредби за употребата на симболите, печатот и другите обележја на Универзитетот донесува Ректорската управа.

Член 96

Покрај одорите, кои се единствени, единиците имаат и свои знаци и обележја, кои ја означуваат нивната дејност и се утврдуваат со статутот на единицата.

Патронен празник

Член 97

Патрониот ден на Универзитетот е 24 Мај, денот на словенските просветители Кирил и Методиј.

Патрониот ден на Универзитетот се одбележува на свечен начин, секоја година.

СОСТАВ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

Член 98

Универзитетот се состои од единици, кои се: факултети и научни институти.

Како единици на Универзитетот може да се формираат уметнички академии и високи стручни школи.

Назив

Член 99

Пред името на единиците и на придружните членки задолжително стои: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Услови за стекнување статус на придружна членка

Член 100

Научни установи, високообразовни установи на верски заедници, како и други установи и организации, чија основна дејност е функционално поврзана со високообразовната, научната, уметничката и стручната дејност на Универзитетот, можат да се стекнат со статус на придружни членки.

Со статус на придружни членки можат да се стекнат установите и организациите од претходниот став на овој член доколку докажат дека нивната основна дејност е поврзана со универзитетската дејност. Со барањето поднесуваат писмено барање до Универзитетот, со образложение за причините, придонесот, како и за резултатите што се очекуваат со нивното учество во остварувањето, унапредувањето и потпомагањето на дејноста на Универзитетот, како и изјава потпишана од овластено лице дека се прифаќаат одредбите од овој Статут и другите општи акти на Универзитетот.

Доколку се исполнети условите, одлука за пристапување донесува Сенатот, по предлог на Ректорската управа.

Престанок на статусот придружна членка

Член 101

Статусот придружна членка не смее да се остварува спротивно на интересите и на угледот на Универзитетот.

Доколку Ректорската управа утврди дека статусот придружна членка се остварува спротивно на интересите и на угледот на Универзитетот утврдени со закон и со овој Статут, за тоа ѝ укажува на придружната членка. Доколку придружната членка и понатаму продолжува да постапува спротивно на интересите на Универзитетот, се поведува постапка за престанок на статусот придружна членка. Одлука донесува Сенатот, по предлог на Ректорската управа.

Покрај случаите од став 2 на овој член, статусот на придружната членка престанува и кога веќе не ги исполнува условите да биде придружна членка на Универзитетот утврдени со овој Статут. Во овој случај, за постапката соодветно се применуваат одредбите од овој Статут.

Престанок на постоење на единица

Член 102

Единица во состав на Универзитетот престанува да постои:

1. врз основа на закон за нејзино престанување;
2. со припојување, спојување и поделба согласно со закон и со овој Статут;
3. заради други основи согласно со закон.

За случаите од претходниот став на овој член, мислење, односно предлог, односно одлука утврдува Сенатот.

Права и обврски

Член 103

Единиците и придружните членки имаат права и обврски за:

1. активно и постојано учество и придонес во остварувањето на дејноста, улогата и задачите на Универзитетот и на единиците;
2. иницирање прашања и предлагање решенија од доменот на дејноста на Универзитетот и на единиците;
3. активно учество во работата на органите и работните тела на Универзитетот и на единиците;
4. реализација на актите, одлуките и заклучоците на органите на Универзитетот и на единиците;
5. почитување на дигнитетот и достојна употреба на името и обележјата на Универзитетот и на единиците.

Единиците и придружните членки се должни да го почитуваат Етичкиот кодекс на Универзитетот утврден од Сенатот. Непочитувањето на Кодексот се објавува во јавно гласило на Универзитетот. Одлука за објавување донесува Сенатот, по предлог на Ректорската управа.

Факултети

Член 104

Во состав на Универзитетот се следниве факултети:
(*по азбучен ред*)

1. Архитектонски факултет – Скопје
2. Градежен факултет – Скопје
3. Економски факултет – Скопје
4. Машински факултет – Скопје
5. Медицински факултет – Скопје
6. Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје
7. Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје
8. Природно-математички факултет – Скопје
9. Стоматолошки факултет – Скопје
10. Технолошко-металуршки факултет – Скопје
11. Факултет за ветеринарна медицина – Скопје
12. Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје
13. Факултет за драмски уметности – Скопје
14. Факултет за електротехника и информациски технологии – Скопје
15. Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје
16. Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје
17. Факултет за ликовни уметности – Скопје
18. Факултет за музичка уметност – Скопје
19. Факултет за физичко образование, спорт и здравје – Скопје
20. Фармацевтски факултет – Скопје
21. Филозофски факултет – Скопје
22. Филолошки факултет „Блаже Конески“– Скопје
23. Шумарски факултет – Скопје.

Научни институти

Член 105

Во состав на Универзитетот се следниве научни институти:
(по азбучен ред)

1. Економски институт – Скопје
2. Земјоделски институт – Скопје
3. Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија – Скопје
4. Институт за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје
5. Институт за сточарство – Скопје.

Придружни членки

Член 106

Со статус на придружни членки се следниве установи и други организации:
Јавни научни установи

(по азбучен ред)

1. ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје
2. ЈНУ Институт за македонска литература – Скопје
3. ЈНУ Институт за национална историја – Скопје

4. ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје

Други високообразовни установи

1. Православен богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје

Други организации

(по азбучен ред)

1. Академско културно-уметничко друштво „Мирче Ацев“ – Скопје
2. Универзитетски спортски сојуз на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
3. Државен студентски дом „Скопје“ – Скопје
4. Државен студентски дом „Пелагонија“ – Скопје
5. Државен студентски дом „Томе Стефановски-Сениќ“ – Скопје
6. Здравствена установа Поликлиника на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
7. Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје.

Почесна членка на Универзитетот

Член 107

Установи, трговски друштва и организации од земјата и од странство, кои со својата дејност непосредно значително придонесуваат за развојот на високообразовната, научноистражувачката, уметничката и применувачката, односно апликативната дејност и за афирмацијата на Универзитетот во земјата и во странство, можат да се стекнат со статус на почесна членка на Универзитетот.

Член 108

Условите, постапката и начинот на стекнување статус – почесна членка на Универзитетот, како и нејзините права и обврски се утврдуваат со посебен акт на Сенатот.

Статусни промени на Универзитетот

Нов член 109

Универзитетот може да се спои, да се подели или да се присоедини под условите и постапката утврдени со Законот за високото образование, Законот за установите и овој Статут.

Спојувањето и присоединувањето се врши со спогодба за спојување или присоединување, а поделбата со одлука за поделба.

Статусни промени на единиците на Универзитетот

Член 110

Единиците на Универзитетот можат да се спојат, да се поделат или да се припојат под услови, постапка и на начин утврдени со закон и со овој Статут.

Предлог за статусна промена од став 1 на овој член поднесуваат заинтересираните единици.

Врз основа на предлогот од претходниот став, Сенатот донесува одлука, односно предлог со кој се констатира дали ќе се изврши статусна промена.

Доколку се донесе одлука (предлог) за статусна промена, со одлуката (предлогот) се утврдува: начинот на кој студентот ќе ги заврши студиите според студиските програми на кои ги започнал студиите, правата и обврските на единиците, статусот на имотот што го

користеле, односно што ќе го користат, почетен биланс, односно делбен биланс, документацијата, исправите, архивата и други прашања од значење за статусната промена.

Внатрешни организациони единици на Универзитетот

Член 111

На Универзитетот се формирани следниве внатрешни организациони единици: Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Универзитетски компјутерски центар, Конгресен центар – Охрид, Универзитетски центар за јазици и обука и Универзитетско радио.

На Универзитетот може да се формираат следниве внатрешни организациони единици: Центар за издавачка дејност, Библиотечен систем, Универзитетска поликлиника, Универзитетски културен центар, Универзитетски спортски центар и други.

Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура

Член 112

Заради презентирање и координирање на научните достигнувања од областа на македонистиката, Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје претставува посебен облик на организациони активности од оваа област.

Член 113

Семинарот има задача да ги координира активностите за што подобро презентирање на високообразовните и научните достигнувања од областа на македонистиката и во таа смисла одржува, негува и развива соработка со славистичките центри во земјата и во странство.

Заради остварување на задачите од став 1 на овој член, Семинарот:

1. организира Летна школа за македонски јазик, литература и култура;
2. организира Научна конференција по однапред утврдени теми од областа на македонскиот јазик и литература;
3. организира стручни советувања и собири од областа на македонскиот јазик, литература и култура, во соработка со соодветни институции;
4. утврдува предлог за избор на лектори по македонски јазик за лекторатите во странство;
5. одржува, негува и развива соработка со другите славистички центри во странство, кои имаат лекторати по македонски јазик;
6. врши координирање на активностите со соодветни институции во Републиката.

Семинарот презема активности за:

1. обезбедување на лекторатите по македонски јазик во странство со литература, учебници, приračници, како и со помошно-наставен и технички материјал;
2. решавање на статусот на лекторите по македонски јазик во странство по нивното враќање во земјата;
3. подготвување учебници по македонски јазик за студентите по македонски јазик на лекторатите во странство и за студентите од странство кои го изучуваат македонскиот јазик;
4. специјализација на лекторите во странство;

5. организирање настава по македонски јазик за странските студенти и за странските државјани-кандидати за запишување и студирање на високообразовни установи;
6. размена на научни искуства, публикации, литература, прирачници и сл.;
7. врши и други работи од областа на македонистиката што ќе му ги доверат Ректорската управа и Советот на Семинарот.

Член 114

Заради презентирање и координирање на научните достигања од другите области, Сенатот може да организира и други семинари согласно со овој Статут.

Универзитетски компјутерски центар и интегриран универзитетски информативен систем

Член 115

Со цел да се обезбедат техничко-технолошки претпоставки за осовременување на високообразовната, научноистражувачката и уметничката дејност на Универзитетот, на брз и ефикасен начин да се овозможи размена и организирање на податоци и имплементација на разни информациони услуги, формиран е Универзитетски компјутерски центар.

Универзитетскиот компјутерски центар дејствува во областа на примената на информацискатa и комуникацискатa технологија.

Универзитетскиот компјутерски центар ги координира планирањето, проектирањето, изградбата и одржувањето на информацискатa и комуникацискатa инфраструктура на Универзитетот.

Член 116

На Универзитетот се организира, се формира и се одржува интегриран современ универзитетски информативен систем, кој обезбедува пристап до сите релевантни податоци од областа на високото образование и научноистражувачката дејност, и тоа за дејноста на Универзитетот, единиците во неговиот состав и придружните членки, студиските и предметните програми, наставно-научните области, називите и степените на стручна подготовка, условите и режимот на студирање, дипломираните студенти, магистри и доктори на науки на Универзитетот, наставно-научните, научните и соработничките кадри на Универзитетот, библиотечниот материјал итн.

Информативниот систем опфаќа:

1. прибирање, обработка и пренесување на информациите;
2. обезбедување достапност на информациите до сите потенцијални корисници;
3. поврзување на универзитетскиот информативен систем со странски универзитетски информативни системи;
4. поврзување и размена на информации со меѓународната заедница;
5. размена на информации во врска со високото образование меѓу сите заинтересирани субјекти во државата;
6. размена на информации во врска со научните достигнувања во земјата и во странство.

Центар за издавачка дејност

Член 117

Со цел да се обезбеди функционирање на интегрирана издавачка дејност, за унапредување, осовременување, издавање, достапност на учебници, учебни помагала и друга литература за наставно-образовната дејност од трите циклуси и развој на научната дејност, на Универзитетот може да се формира Центар за издавачка дејност.

Библиотечен систем

Член 118

Со цел да се обезбедат претпоставки за остварување на дејноста, целите и задачите на Универзитетот, единиците и придружните членки на Универзитетот, може да се формира интегриран библиотечен систем каде што се прибира, се обработува и се чува библиотечен материјал (учебници, учебни помагала, монографии, периодични публикации, касети, географски карти и др.).

Универзитетскиот библиотечен систем го сочинуваат библиотеката на Универзитетот и библиотеките на единиците и придружните членки.

Универзитетот донесува единствени основи за обезбедување интегриран библиотечен систем на Универзитетот, за организација и распоред на библиотечен материјал и др.

Библиотеките се поврзуваат во библиотекарски информациски систем на Универзитетот.

Конгресен центар – Охрид

Член 119

Во функција на организирање симпозиуми, конгреси и други научни и стручни собири во рамките на Универзитетот и во рамките на соработката со универзитети и други институции во земјата и во странство, постои Конгресен центар во Охрид.

Универзитетски центар за јазици и обука

Член 120

Заради продлабочување на постојниот квалитет во изучувањето на странските јазици, во насока на потребите на бизнис-заедницата и поширокатa јавност во Република Северна Македонија и изучување на странски јазици и признавање на издадените сертификати за познавање на овие јазици во странски држави, формиран е Универзитетски центар за јазици и обука како организациона единица на Универзитетот, без својство на правно лице.

Во Универзитетскиот центар се формираат посебни центри за секој странски јазик, така што се користи називот Универзитетски центар за јазици и обука и се додава називот на соодветниот центар.

Универзитетскиот центар за јазици и обука е формиран во соработка со соодветни, компетентни домашни и странски институции.

Универзитетска поликлиника

Член 121

Во рамките на здравствената заштита, како дел од стандардот на студентите и вработените на Универзитетот, може да се формира Универзитетска поликлиника.

Универзитетската поликлиника врши здравствена дејност во превентивно-примарна, специјалистичко-консултативна здравствена заштита, дијагностика итн.

Универзитетски културен центар

Член 122

Со цел развивање, унапредување, омасовување на културните дејности на студентите и вработените и презентирање на достигнувањата од доменот на културата, може да се формира Универзитетски културен центар.

Дејностите во рамките на Универзитетскиот културен центар можат да се организираат во посебни активности (културни, ликовни, музички, драмски, литературни, информативни и сл.).

Универзитетски спортски центар

Член 123

Со цел развивање, унапредување, омасовување и постигнување резултати во спортските активности на студентите и вработените, како и презентирање на достигнувањата во различни спортски дисциплини, може да се организира Универзитетски спортски центар.

Дејностите во рамките на Универзитетскиот спортски центар можат да се остваруваат во посебни форми на организирање (клубови, лиги и др.).

Универзитетско радио

Член 124

Со цел обезбедување јавно информирање, транспарентност, слободно искажување на мислења и ставови на студентите и вработените за наставно-образовниот процес и за другите активности на Универзитетот, постои Универзитетско радио.

Центар за кариера

Член 125

Универзитетот основа центар, односно центри за кариера.

Составот, организацијата, делокругот, начинот на работа и други прашања од значење за работата на Центарот за кариера се утврдуваат со актот за негово основање, кој, по предлог на Ректорската управа, го донесува Сенатот.

Центарот за кариера води посебна евиденција за поранешни студенти (алумни), организира саеми за кариера на секој факултет и врши други работи согласно со актот од став 1 на овој член.

Центарот за кариера се основа заради: воспоставување на постојани врски меѓу студентите и деловната заедница; промовирање на Универзитетот пред пазарот на трудот; давање помош на студентите при преминот од академската средина во професионалното вработување; олеснување на пристапот на студентите на Универзитетот до работните места.

Основање други внатрешни организациони единици

Член 126

Универзитетот може да основа и други внатрешни организациони единици утврдени со закон.

Одлука за организирање организациони единици донесува Сенатот, по предлог на Ректорската управа, доколку се обезбедени:

1. елаборат за основање;
2. средства за работа;
3. план и програма за работа;
4. објект, опрема и простор;
5. потребен број работници;
6. други услови.

Заеднички одредби за внатрешните организациони единици

Член 127

Финансиските прашања за работата на внатрешните организациони единици се регулираат со акт на Сенатот.

Организирањето на дејноста, начинот и организацијата на работа, просторните услови, управувањето, раководењето, начинот на вршењето стручни, административни и технички работи и други прашања за остварување на нивната дејност, се регулираат со акт на Ректорската управа, за секоја организациона единица посебно.

Основање на друга организација

Член 128

Универзитетот може, под услови утврдени со закон, да основа установа или трговско друштво (во натамошниот текст: друга организација).

Акт за основање друга организација донесува Сенатот, по предлог на Ректорската управа.

Иницијатива за основање друга организација може да поднесе и единица на Универзитетот.

Кон одлуката е потребно да се обезбедат:

1. елаборат за основање;
2. средства за работа;
3. план и програма за работа;
4. објект, опрема и простор;
5. потребен број работници;
6. други услови.

Член 129

Организации од член 128 од овој Статут може да основа и единица на Универзитетот.

Актот за основање го потврдува Сенатот.

Единицата од став 1 ја информира Ректорската управа. Формата и содржината на информацијата ги утврдува Ректорската управа.

Внатрешна организација на единиците

Член 130

Единиците на Универзитетот, за вршење на својата дејност, можат да организираат:

1. катедри;
2. институти;
3. оддели;
4. центри;
5. лаборатории;
6. библиотеки;
7. други внатрешни организациони единици.

Катедри

Член 131

Катедрите се формираат за наставни предмети од иста или од сродна научна област, со цел усогласување и развивање на наставно-образовната, научноистражувачката, применувачката, односно апликативната и уметничката дејност.

Катедрата ја сочинуваат наставниците, научните работници и соработниците од иста или од сродна научна или уметничка област на една единица на Универзитетот, кои се во работен однос на единицата.

Лицата од став 2 на овој член кои не се во работен однос учествуваат во работата на катедрата без право на одлучување.

Член 132

Катедрите:

1. соработуваат при подготвувањето на студиските програми и програмите за истражувачка работа;
2. остваруваат наставно-образовна, научноистражувачка, уметничка и применувачка, односно апликативна дејност;
3. ги разгледуваат прашањата и проблемите што настануваат при реализирањето на студиските програми и ја насочуваат и усогласуваат високообразовната, научноистражувачката, уметничката и применувачката, односно апликативната работа;
4. со научноистражувачката дејност, особено со фундаменталните истражувања, развиваат научни дисциплини, врз кои се темелат студиските програми и научните дисциплини со сродни или интердисциплинарни поврзани области;
5. се грижат за пренесувањето на научноистражувачките и уметничките достигнувања и новите знаења во наставно-образовниот процес и за нивно вклучување во студиските програми во трите циклуси на студии;
6. развиваат современи педагошки методи;
7. се грижат за стручното, научното и за уметничкото усовршување на наставниците и соработниците;
8. предлагаат теми за сите организирани циклуси на високото образование;
9. предлагаат учебници, учебни помагала и стручна литература;
10. вршат и други работи утврдени со статутот на единицата.

Дејностите и функцијата на катедрата може да ги изведува и институтот од член 139 од овој Статут.

Член 133

Катедрите се основаат, се припојуваат и се делат во согласност со потребите на наставно-образовната и научноистражувачката работа.

Член 134

Катедрата има раководител избран на тајни и непосредни избори од страна на членовите на катедрата за период од три години, со право на еден реизбор.

Раководителот се избира од редот на наставниците.

Член 135

Раководителот:

1. ја организира и ја води работата на катедрата;
2. ги свикува и ги води состаноците на катедрата;
3. се грижи за редовното изведување на наставно-образовната и на научно-истражувачката работа од областа на катедрата;
4. ги извршува одлуките на органите на единицата, кои се однесуваат на работата на катедрата;
5. ги известува органите на единицата за работата на катедрата;
6. се грижи за создавање и развој на научен подмладок;
7. врши и други работи што ќе му ги доверат органите на единицата.

Оддели

Член 136

Две или повеќе катедри можат да се поврзат во оддел.

Член 137

Одделите се формираат заради неопходно поврзување на научните области, насочување и усогласување на наставно-образовната и со неа поврзаната научноистражувачка дејност на катедрите, како и заради развивање на научните дисциплини и струки од тие области.

Член 138

Работата на одделот ја организира и ја води раководител избран на тајни и непосредни избори од страна на членовите на одделот за период од три години, со право на еден реизбор.

Институти

Член 139

Институтите се формираат на определено научноистражувачко поле за изведување на наставно-образовна дејност поврзана со соодветното научноистражувачко поле, развојни, апликативни и фундаментални проекти.

Во рамките на институтите можат да се организираат катедри кои припаѓаат на соодветното научноистражувачко поле.

Дејностите и функцијата на катедрата може да ги изведува и институтот.

Член 140

Институтите:

1. остваруваат наставно-образовна дејност;
2. остваруваат научноистражувачка дејност;

3. остваруваат применувачка, односно апликативна дејност;
4. учествуваат при изработката на програмите за научноистражувачка и наставно-образовна работа на единицата на Универзитетот;
5. изведуваат стручни, советувачки и други применувачки, односно апликативни услуги;
6. учествуваат во создавањето научен подмладок;
7. се грижат за развојот на научните дисциплини и струки;
8. го поттикнуваат вклучувањето на студентите во научноистражувачката работа на студентите;
9. ги проучуваат можностите и формите на пренесување на научноистражувачките резултати во практиката;
10. вршат и други работи утврдени со статутот на единицата.

Член 141

Институтите се основаат, се припојуваат и се делат во согласност со потребите на научноистражувачката и наставно-образовната работа.

Член 142

Одредбите за раководителот на катедра од овој Статут соодветно се применуваат и за раководителот на институтот.

Лаборатории

Член 143

Лабораторија на единицата се формира за практично изведување на наставно-образовната, научноистражувачката, уметничката и применувачката, односно апликативната работа.

Центри

Член 144

Центрите се формираат заради изведување, организирање и поттикнување на научноистражувачката работа и уметничкото творештво, пренесување на употребата на современите методи на работа, сознанијата и достигнувањата, како и за изведување информатички и информациско-документациски активности.

Центрите се формираат во согласност со потребите на единиците, како што е утврдено со овој Статут за катедрите и за институтите.

Центрите можат да вршат применувачка, односно апликативна дејност.

Член 145

Работата на центрите се утврдува со статутот на единицата.

Библиотеки

Член 146

Библиотеките на единиците учествуваат и даваат свој придонес во креирањето на политиката на библиотечното работење во рамките на интегрираниот библиотечен систем на Универзитетот.

Библиотеките на единиците ја собираат, ја уредуваат и ја распоредуваат научната, студиската и стручната литература и на наставно-научните кадри, соработниците и на студентите им ги даваат информациите и знаењата за студиите и за научната работа, ги

образуваат од гледна точка на употребата на библиотечниот фонд и од гледна точка на барањето информации и изработуваат библиографија на високообразовните наставници и научни работници.

Правна важност на внатрешната организација на единиците

Член 147

Внатрешната организација на единиците и другите прашања поврзани со неа, кои не се утврдени со овој Статут, се утврдуваат со статут на единицата.

Внатрешните организациони единици на факултетите и научните институти мора да ги исполнуваат условите утврдени со закон и со овој Статут, кои се однесуваат за секоја организациона единица посебно.

Начинот и постапката на организирање внатрешни организациони единици се утврдуваат со статутите на единиците.

ОРГАНИ И ТЕЛА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ И НА ЕДИНИЦИТЕ

Органи и тела на Универзитетот

Член 148

Органи на Универзитетот се: Универзитетски сенат (во натамошниот текст: Сенат), ректор и Ректорска управа.

На Универзитетот се формира Универзитетски совет како тело на Универзитетот.

На Универзитетот се формира Универзитетско студентско собрание како тело на Универзитетот.

Заради заштита на правата на студентите на Универзитетот, се формира студентски правобранител како независно тело.

Универзитетски сенат

Положба и состав

Член 149

Универзитетскиот сенат е орган на управување и стручен орган.

Член 150

Сенатот го сочинуваат претставниците (во натамошниот текст: членови на Сенатот), и тоа:

- по два претставника во работен однос од единица на Универзитетот;
- по еден претставник во работен однос од придружните членки – национални јавни научни установи;
- еден претставник на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во работен однос (други високообразовни установи);
- еден претставник во работен однос избран од придружните членки – други организации;
- 15 % од бројот на членовите на Сенатот од претходните алинеи на овој член се претставници од студентите, избрани од Универзитетското студентско собрание.

Член на Сенатот од став 1, алинеи 1, 2 и 3 на овој член може да биде лице избрано во наставно-научно, наставно-стручно, научно или наставно звање и редовен студент на Универзитетот во моментот на изборот.

Членот на Сенатот од став 1, алинеја 4 на овој член треба да има најмалку високо образование.

Член на Сенатот од став 1, алинеја 5 на овој член може да биде редовен студент на Универзитетот во моментот на изборот.

Членовите од придружните членки – јавни научни установи учествуваат во работата и одлучувањето на Сенатот за прашања од научноистражувачката дејност и студиите од втор и од трет циклус.

Членовите од придружните членки – други високообразовни установи учествуваат во работата и одлучувањето на Сенатот за сите прашања од негова надлежност.

Членовите од придружните членки – други организации учествуваат во работата на Сенатот за прашања поврзани со нивната дејност.

Ректорот и проректорите се членови на Сенатот по положба.

Ректорот, проректорите и генералниот секретар учествуваат во работата на Сенатот, без право на одлучување.

Ректорот и проректорите се без право да бидат избрани за должноста претседател на Сенатот.

Постапка за избор и верификација на мандатот на членовите на Сенатот

Член 151

Членовите на Сенатот, со непосредно и тајно гласање, се избираат од наставно-научните, научните, односно наставничките совети на единиците, советите на придружните членки – национални јавни научни установи, органите на управување на придружните членки – други организации и од Универзитетското студентско собрание.

Мандатот на членовите на Сенатот од единиците и од придружните членки трае три години, со право на уште еден избор.

Мандатот на членовите на Сенатот од претставниците на студентите трае 1 година, без право на реизбор.

Член 152

Во текот на мандатот може да се изврши и замена на член на Сенатот на ист начин и постапка како и при избирањето на членовите на Сенатот. Мандатот на новиот член трае до истекот на мандатот на претходниот член.

Член 153

За член на Сенатот не може да биде избрано лице кое е избрано за декан, продекан или директор на единица на Универзитетот.

Одредбата од ставот 1 на овој член соодветно се однесува и за научните институти – единици во состав на Универзитетот и за претставниците од член 106 од овој Статут.

Член 154

Верификацијата на мандатот на членовите на Сенатот ја врши верификациона комисија од три члена, избрани од редот на Сенатот.

Членовите на верификационата комисија се избираат по предлог на членовите на новоизбраниот Сенат.

Верификационата комисија констатира дали членовите ги исполнуваат условите утврдени со овој Статут и поднесува извештај на конститутивната седница на Сенатот. Извештајот е конечен.

Доколку верификационата комисија констатира дека не се исполнети условите, ги известува за тоа единиците, Универзитетското студентско собрание и придружните членки.

Во работата и одлучувањето на Сенатот не можат да учествуваат лица чиј мандат не е верифициран.

Лицата чиј мандат не е верифициран, како и на испразнетите места на членови на Сенатот по кој било основ, до верификација на мандатот, тие не се сметаат во кворум при одлучувањето на Сенатот.

Член 155

Постапката за избор на членови на Сенатот започнува најмалку 60 дена пред истекот на мандатот на постојниот Сенат и конституирањето на новиот Сенат треба да заврши најдоцна до истекот на мандатот на тековниот Сенат.

Постапката ја покренува ректорот, кој ја свикува и конститутивната седница на новиот Сенат, најдоцна седум дена пред истекот на мандатот на постојниот Сенат.

Престанок на мандат на член на Сенат

Член 156

На член на Сенат му престанува мандатот:

1. ако го отповика единицата што го избрала на начин и во постапка како за неговиот избор;
2. ако му престане работниот однос;
3. ако му мирува работниот однос;
4. по негово барање;
5. доколку неоправдано отсуствува 3 последователни седници, согласно со деловникот на Универзитетскиот сенат;
6. во други случаи утврдени со закон, овој Статут, статутот на единицата и актите на Универзитетот.

Надлежности на Сенатот

Член 157

Сенатот, покрај надлежностите утврдени со Законот за високото образование, е надлежен:

1. да го потврдува изборот на редовен професор, односно научен советник;
2. да избира членови во составот на Интеруниверзитетската конференција, со тајно гласање, по предлог на единиците;
3. да одлучува по жалби кога тоа е утврдено со закон, со овој Статут и со актите на Универзитетот;
4. да формира комисии за одлучување по жалба кога тоа е утврдено со закон, со овој Статут и со актите на Универзитетот;
5. да донесува одлуки за стекнување и престанок на статусот придружна членка на Универзитетот;

6. да дава предлог до Владата на Република Северна Македонија за отуѓување на недвижниот имот на Универзитетот;
7. да зазема ставови и да донесува заклучоци за прашања од заеднички интерес на единиците што се однесуваат на високообразовната, научноистражувачката и уметничката дејност;
8. да врши и други работи утврдени со закон, со овој Статут и со другите акти на Универзитетот.

Член 158

Членовите на Сенатот од придружните членки, кога не одлучуваат за прашањата утврдени со овој Статут, не се сметаат во кворум.

Претседател на Сенатот

Член 159

Претседателот на Сенатот се избира од редот на сенаторите со тајно гласање за период од една година, со право на уште еден избор.

За избор на претседател на Сенатот, Сенатот може да одлучува доколку на седниците присуствуваат најмалку 2/3 од вкупниот број членови на Сенатот, а одлучува со мнозинство од присутните членови.

Право да предложи претседател на Сенатот има секој член на Сенатот.

Доколку во првиот круг не се избере претседател, гласањето се повторува, така што во секој наредент круг отпаѓа лицето што добило најмал број на гласови.

Ако ниедно лице не го добие потребното мнозинство гласови, постапката се повторува со предлагање на друго, односно други лица за претседател и постапката се спроведува согласно со одредбите од овој член.

До изборот на претседател на Сенатот, работите од надлежност на Сенатот ги врши највозрасниот присутен член на Сенатот.

Во отсуство на претседателот на Сенатот, него го заменува највозрасниот присутен член на Сенатот.

Член 160

Претседателот на Сенатот ги свикува седниците на Сенатот, го предлага дневниот ред и претседава со седниците на Сенатот.

Право да предлага точки за седница на Сенатот има секој член на Сенатот, ректорот и Ректорската управа.

Актите и материјалите за седница на Универзитетскиот сенат се подготвуваат и се предлагаат од страна на Ректорската управа.

Член 161

Претседателот на Сенатот свикува седница на Сенатот најмалку еднаш месечно.

Претседателот на Сенатот е должен, на барање на најмалку една петтина од членовите на Сенатот, или на барање на ректорот, да свика седница на Сенатот.

Доколку претседателот на Сенатот не постапи согласно со одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член, ректорот ја свикува седницата на Сенатот.

Во случај на отсуство или спреченост на претседателот на Сенатот, седниците на Сенатот ги води највозрасниот присутен член на седницата.

Член 162

Претседателот на Сенатот е одговорен за законитоста и статутарноста на работењето на Сенатот.

Престанок на мандатот на претседателот на Сенатот

Член 163

Мандатот на претседателот му престанува доколку за тоа одлучи Сенатот на начин и во постапка како за неговиот избор.

Начин на работа на Сенатот

Член 164

Сенатот работите од својата надлежност ги врши во согласност со закон, со овој Статут и со другите акти на Универзитетот.

За утврдување на работите од својата надлежност, Сенатот донесува одлуки, правилници, упатства, заклучоци, препораки и општи акти согласно со Законот за високото образование, како и други акти согласно со закон за кои е овластен со акт на Универзитетот.

Член 165

Сенатот ги врши работите од својата надлежност на седници. Седниците се јавни.

Сенатот може да одржува свечени седници по повод јубилеи, прослави и сл.

Член 166

Сенатот може да одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број членови на Сенатот, а одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, освен ако со закон и со овој Статут не е поинаку предвидено.

Сенатот одлучува со јавно гласање, освен за прашањата за кои согласно со закон, овој Статут и актите на Универзитетот е утврдено тајно гласање.

Сенатот може за прашањата за кои одлучува со јавно гласање да одлучи да гласа тајно. За начинот на гласање се одлучува со јавно гласање.

За изборот на органите на Универзитетот и изборот на претседател на Сенатот, Сенатот може да одлучува доколку на седниците присуствуваат најмалку 2/3 од вкупниот број негови членови, а одлучува со мнозинство од присутните членови.

Член 167

Одлуките и другите акти донесени на седница на Сенатот ги потпишува претседателот на Сенатот.

Член 168

Заради проучување на прашања од својата надлежност, Сенатот може да формира повремени работни тела и комисии.

Начинот на работата, правата и обврските на членовите на комисиите и телата од став 1 на овој член се утврдуваат со актот за нивното формирање.

Член 169

Поблиски одредби за начинот на работата на Сенатот се утврдуваат со деловникот за работа на Сенатот.

Ректор

Член 170

Ректорот е раководен орган.

Надлежностите на ректорот се утврдени со закон, со овој Статут и со актите на Универзитетот.

Ректорот се избира за време од три години, со право на уште на еден избор.

Избор

Член 171

Постапка за избор на ректор покренува Ректорската управа во втората половина на месец април во тековната година, односно шест месеци пред истекот на мандатот.

Член 172

Ректорот се избира под услови и во постапка утврдени со Законот за високото образование и овој Статут.

Постапката за избор на ректор треба да заврши до 15 јули тековната година.

Доколку изборот на ректор не заврши во рокот утврден во претходниот став, изборот на ректор се врши најдоцна до 15 септември тековната година.

Член 173

Ректорската управа, во рокот од член 171 од овој Статут, донесува одлука за објавување јавен оглас за избор на ректор и ја утврдува содржината на огласот.

Огласот содржи:

- општи услови;
- посебен услов – да е од редот на редовните професори;
- времетраење на огласот.

Кандидатите за ректор поднесуваат:

- пријава со:

1. програма за работа;
2. биографски и библиографски податоци.

Огласот се објавува по формирањето на Универзитетската изборна комисија.

Огласот се објавува на веб-страницата на Универзитетот и во два печатени медиума.

Член 174

Сенатот, во втората половина на месец април, односно шест месеци пред истекот на мандатот, формира Универзитетска изборна комисија за избор на ректор (во натамошниот текст: Универзитетска изборна комисија).

Универзитетската изборна комисија ја сочинуваат седум сенатори, избрани со тајно гласање.

Право да предложи член на Универзитетската изборна комисија има секој член на Сенатот.

Доколку во првиот круг не се избере Универзитетската изборна комисија, гласањето се повторува, така што во секој наредeн круг отпаѓа лицето што добило најмал број на гласови.

Ако во случајот од претходниот став, предложен член, односно членови не го добијат потребното мнозинство гласови, постапката се повторува со предлагање на друго,

односно други лица за Универзитетската изборна комисија и постапката се спроведува согласно со одредбите од овој член.

Секој кандидат за ректор може да овласти набљудувачи на работата на Универзитетската изборна комисија.

Член 175

Универзитетската изборна комисија, освен надлежностите утврдени со Законот за високото образование, ги врши и следниве работи:

- утврдува временска рамка за спроведување на потребните дејствија за избор на ректор;
- утврдува рокови во кои треба да се формираат изборните комисии на единиците;
- го одредува денот на гласање;
- именува членови на изборна комисија доколку единицата во утврдениот рок не формира изборна комисија;
- донесува упатство со кое се утврдува: нејзината работа и работата на изборните комисии на единиците, начинот на гласање и пребројување на гласовите, резултатот од гласањето, начинот, рокот и сл. на комуникација и доставување документација, акти, известувања, записници и сл., чување и увид во изборната документација и за други прашања поврзани со постапката за спроведување на гласањето и утврдување на резултатите од гласањето. Упатството се објавува на веб-страницата на Универзитетот;
- го утврдува изгледот на гласачкото ливче;
- го утврдува образецот на записникот за резултатите од гласањето на единицата и за крајниот резултат;
- дава задолжителни инструкции до изборните комисии на нивно барање или по сопствено наоѓање;
- одлучува по приговори согласно со овој Статут;
- врз основа на резултатите од гласањето, го прогласува избраниот кандидат за ректор;
- други работи утврдени со овој Статут.

Изборни комисии на единиците

Член 176

По формирањето на Универзитетската изборна комисија, наставно-научните и научните совети формираат изборни комисии на единиците од пет члена кои го спроведуваат гласањето на единиците.

Изборните комисии се формираат во роковите утврдени од страна на Универзитетската изборна комисија.

За избор на членови на изборните комисии на единиците соодветно се применуваат одредбите од член 174 од овој Статут.

Надлежностите на изборните комисии на единиците се утврдени со Законот за високото образование, овој Статут и статутот на единицата.

Поднесување пријави

Член 177

Кандидатите за ректор пријавите со потребната документација ги доставуваат до Универзитетската изборна комисија согласно со овој Статут и Упатството на Универзитетската изборна комисија.

Оцена на уредноста на пријавата и исполнетоста на условите за избор

Член 178

Универзитетската изборна комисија со решение ги отфрла пријавите на кандидатите кои не ја доставиле вкупната документација која се бара со огласот.

Универзитетската изборна комисија со решение ги одбива пријавите на кандидатите кои не ги исполнуваат општите услови наведени во огласот.

Врз основа на прифатените, отфрлените и одбиените пријави, Универзитетската изборна комисија со решение утврдува листа на кандидати за ректор, по азбучен ред, која ја доставува до:

- кандидатите за ректор. На кандидатот чија пријава е отфрлена или одбиена му се доставува и соодветното решение од ставот 2 на овој член;
- деканите, односно директорите на единиците.

Член 179

Кандидатот има право на приговор против решението со кое се утврдува листата на кандидати за ректор.

Приговорот се поднесува до Универзитетската изборна комисија во рок од 3 дена од приемот на решението од ставот 1 од овој член.

Универзитетската изборна комисија одлучува со решение во рок од три дена сметано од наредниот ден од денот кога истекува последниот ден за поднесување приговор.

Универзитетската изборна комисија донесува решение со кое:

- се усвојува приговорот, претходното решение се поништува и се донесува конечна листа на кандидати за ректор;
- се одбива приговорот и претходното решение се потврдува и се донесува конечна листа на кандидати за ректор.

Решението на Универзитетската изборна комисија е конечна и против неа може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Решението се доставува до кандидатите за ректор, до деканите и директорите на единиците и до изборните комисии на единиците.

Доставувањето се врши согласно со овој Статут и упатството што го донесува Универзитетската изборна комисија.

Гласање

Член 180

Гласањето за ректор се спроведува во ист ден во периодот од 12 до 14 часот на сите единици на Универзитетот.

Универзитетската изборна комисија го утврдува денот за гласањето.

Гласањето е тајно.

Ректорот се избира на слободни, непосредни и тајни избори од страна на членовите на наставно-научните, научните и наставничките совети на единиците.

Гласањето за ректор се спроведува во ист ден, во периодот од 12 до 14 часот на сите единици на Универзитетот.

По завршувањето на гласањето се пристапува кон утврдување на резултатите од гласањето, при што освоениот број гласови на секој кандидат на секоја единица посебно се изразува во проценти од вкупниот број важечки гласови на единицата и се множи со

бројот на сенаторите кои ги избира единицата, со што се добива бројот на поени што ги освоил секој од кандидатите.

Резултатите од гласањето се испраќаат до Универзитетската изборна комисија во рок од два часа од завршувањето на гласањето.

Универзитетската изборна комисија ги сумира резултатите од гласањето на сите единици на Универзитетот, при што за ректор е избран кандидатот кој добил најголем број поени на ниво на универзитет, односно чиј збир на поени е најголем откако за секој кандидат поединечно ќе се соберат поените добиени на секоја единица посебно.

Доставување на записник и одлука за утврдување на избран кандидат за ректор

Член 181

Записникот и одлуката за утврдување на избран кандидат за ректор се доставуваат до пријавените кандидати за ректор во рок од 24 часа од спроведеното гласање.

Доставувањето се врши согласно со овој Статут и упатството што го донесува Универзитетската изборна комисија.

Член 182

Незадоволниот кандидат има право на приговор на записникот и на одлуката од член 181 од овој Статут.

Приговорот се поднесува до Универзитетската изборна комисија во рок од три дена од приемот на актите од став 1 на овој член.

Основи за приговорот од ставот 1 на овој член се:

- повреди на спроведената постапка на единицата;
- утврдените резултати од гласањето на единицата;
- утврдените резултати од гласањето од страна на Универзитетската изборна комисија.

Член 183

Ако Универзитетската изборна комисија го усвои приговорот од член 182, став 3, алинеја 1 од овој Статут, по правило, гласањето на единицата се повторува, доколку може да влијае на изборниот резултат.

Член 184

Универзитетската изборна комисија одлучува со решение во рок од три дена сметано од наредниот ден од денот кога истекол последниот ден за поднесување приговор.

Универзитетската изборна комисија донесува решение со кое:

- се усвојува приговорот, претходното решение се поништува и се донесува ново решение;
- се одбива приговорот и претходното решение се потврдува.

Решението на Универзитетската изборна комисија е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Решението се доставува до кандидатите за ректор.

Заеднички одредби за Универзитетската изборна комисија и изборните комисии на единиците

Член 185

Универзитетската изборна комисија и изборните комисии на единиците одлуките ги донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Изборните комисии имаат заменици кои се избираат истовремено со изборот на членови.

Доколку изборната комисија не ја заврши работата во уврдените рокови, се формира нова изборна комисија.

Сметање на роковите

Член 186

Роковите од оваа глава се сметаат во работни денови.

Како неработни денови се сметаат сабота, недела, државни празници и други неработни денови утврдени со закон.

Пријава на еден кандидат за ректор

Член 187

Ако за ректор е пријавено едно лице, се смета избрано за ректор доколку за него гласале над 50 % од вкупниот број важечки гласови.

Доколку е пријавено едно лице и не го добие потребното мнозинство гласови, се спроведува нова постапка за избор. Во повторната постапка не учествува лицето од став 1 на овој член.

Вршител на должноста ректор

Член 188

Доколку на повторната постапка не се избере ректор до 15 септември во тековната година, Сенатот избира ректор од редот на своите членови – редовни професори, со мандат до шест месеци, односно до изборот на новиот ректор.

На вршителот на должноста ректор од ставот 1 на овој член му мирува функцијата член на Сенатот.

Едно лице може да биде избрано за вршител на должноста ректор само еднаш.

Вршител на должноста ректор предлагаат членовите на Сенатот, а за избор е потребно присуство на 2/3 од вкупниот број членови на Сенатот, така што избрано е лицето што добило мнозинство гласови од присутните членови на Сенатот.

Доколку при првото гласање, кандидатите за вршител на должноста ректор не го добијат потребното мнозинство гласови за избор, гласањето се повторува сè додека не се избере вршител на должноста ректор.

При секое гласање отпаѓа кандидатот кој добил најмал број гласови.

Доколку кандидатот не го добие потребното мнозинство, постапката се повторува со предлагање на друг кандидат, односно кандидати за вршител на должноста ректор.

Стапување на должност

Член 189

Ректорот, по правило, стапува на должност на почетокот на учебната година.

На денот на стапувањето на должност на новоизбраниот ректор, примо-предавањето на должноста се врши на свечен начин.

Член 190

На ректорот, функцијата му престанува и пред истекот на мандатот:

1. ако тоа сам го побара;
2. ако трајно ја загуби способноста за вршење на должноста ректор;
3. ако ги исполни условите за старосна пензија или
4. ако биде разрешен од должноста пред истекот на мандатот.

Член 191

Ректорот е должен еднаш во годината, до Сенатот, Универзитетскиот совет и до основачот, да поднесува извештај за својата работа и за работата на Универзитетот, во кој е содржан и финансиски извештај.

Ако Сенатот не го прифати извештајот од ставот 1 на овој член, се поведува постапка за разрешување на ректорот.

Сенатот ја известува Ректорската управа дека е покренатa постапка за разрешување на ректорот.

Ректорската управа упатува известување до единиците во рок од 15 дена од приемот на известувањето од ставот 3 на овој член.

Врз основа на известувањето од ставот 4 на овој член, единиците во рок утврден од Ректорската управа, кој не може да биде помал од 30 дена, утврдуваат предлог „за" или „против" за разрешување на ректорот.

Предлогот од ставот 4 на овој член се утврдува на седница на наставно-научните, односно научните совети.

Се смета дека единицата изгласала предлог за разрешување на ректорот доколку:

- за разрешувањето гласале над 50 % од вкупниот број членови на наставно-научниот, односно научниот совет на единиците и
- повеќе од половината од единиците на Универзитетот.

Врз основа на резултатите од гласањето од ставот 7 на овој член, Сенатот донесува одлука со која констатира разрешување, односно неразрешување на ректорот.

Член 192

Ако на ректорот на Универзитетот му престане функцијата пред истекот на времето за кое е избран, Сенатот избира вршител на должноста ректор.

Во случаите на престанок на мандатот на ректорот од ставот 1 на овој член, до изборот на нов ректор, Сенатот избира за вршител на должноста ректор еден од проректорите на Универзитетот, за период од најмногу шест месеци. Едно лице може да биде избрано за вршител на должноста ректор само еднаш. Доколку ниеден од проректорите не го добие потребното мнозинство, се применува принципот на сениоритет меѓу проректорите, односно функцијата вршител на должноста ректор ја врши проректорот кој прв бил избран во звањето редовен професор, односно највисокото звање во кое се избрани проректорите за период кој не може да биде подолг од шест месеци.

Права, должности и одговорности на ректорот

Член 193

За вршење на дел од своите права и обврски, ректорот може да овластува одделни проректори.

Член 194

Ректорот може да формира Совет на поранешни ректори на Универзитетот, за значајни прашања од дејноста на Универзитетот. Работата на Советот се утврдува со Правилник на Ректорската управа.

Ректорот може да формира комисии, односно работни тела или групи од редот на наставниците и другите членови на единиците и придружните членки и Стручната и административна служба на Универзитетот, како и надворешни лица, за проучување прашања и извршување работи значајни за работата на Универзитетот, односно единиците. Комисиите и другите работни тела или групи се должни на ректорот да му поднесат писмен извештај со соодветен предлог.

За формирањето на комисиите и работните тела или групи од претходниот став, одлука донесува ректорот, за која ја информира Ректорската управа.

За работата на лицата им следува соодветен надоместок, согласно со актите на Универзитетот.

Член 195

Ректорот на Универзитетот ја координира работата на раководните органи на факултетите и научните институти во неговиот состав во врска со остварувањето на ставовите, одлуките и заклучоците на Сенатот и Ректорската управа, во врска со остварувањето на улогата, задачите и дејноста на Универзитетот утврдени со закон, со овој Статут и со актите на Универзитетот.

Член 196

Ректорот на Универзитетот, по потреба, може да ги свикува деканите и директорите и други одговорни лица, заради разгледување прашања од интерес на единиците или на Универзитетот во целина.

Член 197

Единиците и придружните членки во состав на Универзитетот се должни, по барање на ректорот, да го информираат за сите прашања што се од интерес за остварување на целите и задачите на Универзитетот и да му овозможат пристап до сите документи од нивното работење.

Одговорност на ректорот за законитоста и статутарноста

Член 198

Ректорот се грижи за законитоста и статутарноста на работата на Универзитетот и на единиците во неговиот состав и има право и должност да запре од извршување, односно да укине акт на нивните органи, за кој смета дека не е во согласност со закон, статут, општ акт или одлука на Универзитетот.

Единицата на Универзитетот чиј акт е запрен, односно укинат, може да поднесе жалба до Сенатот.

Сенатот донесува одлука за укинување или поништување на акт или одлука со која констатира дека запрениот акт останува во сила. Одлуката на Сенатот е конечна.

Член 199

Ректорот може, за непочитување на законот, општ акт или одлука на Универзитетот, да суспендира декан или директор на единица на Универзитетот и да

постави времен вршител на должноста декан, односно директор на единица на Универзитетот.

За спроведување на постапката и за утврдување на случаите од став 1 на овој член, ректорот формира комисија.

Во постапката учествува и деканот, односно директорот.

Врз основа на наодите на комисијата од ставот 2 на овој член, ректорот донесува образложена одлука која ја доставува до Сенатот.

Сенатот со образложена одлука во најкус можен рок, а најдоцна во рок од 30 дена од суспендирањето на деканот или директорот на единицата, одлучува за суспензијата на деканот, односно директорот на единицата на Универзитетот од ставот 2 на овој член.

Доколку Сенатот ја потврди суспензијата, на деканот, односно директорот му престанува мандатот со денот на потврдувањето на одлуката за суспензија.

Ако Сенатот со образложена одлука не ја потврди суспензијата на декан, мандатот на деканот продолжува.

Член 200

Одредбите од член 199 од овој Статут соодветно се применуваат и за вршител на должноста декан, односно вршител на должноста директор.

Проректори

Положба и избор

Член 201

Универзитетот има четири проректори, и тоа за:

1. настава;
2. наука;
3. меѓународна соработка;
4. финансии, инвестиции и развој.

Ректорот и проректорите треба да бидат од различни наставно-научни подрачја.

Проректорите се избираат од редот на професорите од единиците на Универзитетот.

Проректорите, по предлог на ректорот, ги избира и ги разрешува Ректорската управа со тајно гласање. Потребно е присуство на 2/3 од членовите на Ректорската управа, а избран е кандидатот кој добил мнозинство гласови од присутните членови на Ректорската управа.

Мандатот на проректорите трае додека трае мандатот на ректорот.

Член 202

Вршителот на должноста ректор може да именува вршител на должноста проректор.

Права, должности и одговорности

Член 203

Ректорот, во договор со проректорите, ги распоредува работите и работните задачи од областа на наставно-образовната, научноистражувачката, уметничката, развојната и финансиско-инвестиционата дејност и соработката со универзитетите во земјата и во странство и други дејности.

Член 204

Проректорите се грижат, ги координираат и ги усогласуваат високообразовната, научноистражувачката, уметничката, финансиската, инвестиционата и развојната дејност и соработката со универзитетите во земјата и во странство. Вршат и други работи и работни задачи.

Член 205

Во случај на спреченост или отсутност на ректорот, задолжително го заменува еден од проректорите што ќе го определи ректорот.

Обемот на овластувањата во случајот од ставот 1 на овој член го утврдува ректорот со свој акт.

Член 206

Проректорите, за работата од својот делокруг, одговараат пред ректорот.

Проректор може да биде разрешен ако:

- сам побара;
- не ги исполнува должностите на проректор;
- сериозно ги прекршува одредбите од овој Статут, актите на Универзитетот и други прописи;
- ја злоупотреби својата положба;
- со своето однесување го повреди угледот на должноста проректор;
- ја изгуби способноста за остварување на своите должности;
- тоа образложено го побара ректорот.

Ректорската управа одлучува со тајно гласање, при што не гласа проректорот за кој е даден предлог за разрешување. Потребно е присуство на 2/3 од членовите на Ректорската управа, а одлуката се смета за донесена доколку за разрешување гласале мнозинство гласови од присутните членови на Ректорската управа.

Ректорска управа

Состав

Член 207

Ректорската управа ја сочинуваат ректорот, проректорите, деканите, односно директорите на единиците и претседателот на Универзитетското студентско собрание.

Со Ректорската управа раководи ректорот.

Во работата на Ректорската управа учествува и генералниот секретар на Универзитетот, без право на одлучување.

Надлежности на Ректорската управа

Член 208

Ректорската управа:

1. ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучува Сенатот;
2. ги утврдува и ги објавува конкурсите за запишување на прв, втор и трет циклус студии, по претходна согласност од Владата на Република Северна Македонија;
3. дава мислење за студиските програми на единиците;
4. донесува одлуки за тековната меѓународна соработка на Универзитетот;

5. го утврдува издавањето дипломи и други документи за завршени студии на високо образование;
6. утврдува предлог за висината на партиципација и школарината на студентите;
7. донесува предлог-одлука за бројот за запишување студенти што ги финансира државата;
8. донесува предлог-одлука за бројот за запишување студенти надвор од бројот на студентите што ги финансира државата;
9. по предлог на ректорот, избира и разрешува проректори на Универзитетот;
10. објавува конкурс и избира лектори по македонски јазик на универзитетите во странство;
11. по предлог на ректорот, именува директор на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура;
12. донесува поблиски одредби за организацијата и одржувањето на интегрираниот информативен систем на Универзитетот;
13. донесува поблиски одредби со кои се утврдуваат основите на интегрираниот библиотечно-информативен систем;
14. одлучува за издавање јавни гласила на Универзитетот;
15. донесува деловник за својата работа;
16. одлучува за организирање зимски/летни универзитети и други форми на едукација;
17. одлучува за финансиските и материјалните прашања поврзани со средствата за остварување на интегративните функции на Универзитетот;
18. врши работи што ќе ѝ ги довери ректорот од доменот на своите надлежности;
19. донесува општи акти што не се во надлежност на Сенатот и ректорот;
20. врши и други работи определени со овој Статут.

Начин на работа

Член 209

Ректорската управа ги врши работите од својата надлежност на седници.

Седниците на Ректорската управа се јавни.

Ректорската управа може да одржува свечени седници по повод јубилеи, прослави и други случаи.

Членот на Ректорската управа кој е спречен да присуствува на седницата може да овласти лице што ќе го заменува на седницата.

Член 210

Членот на Ректорската управа има право и должност да поднесува предлог-одлуки и други акти што ги донесува Управата, како и да учествува во претресот на предлог-одлуките, актите и другите прашања што се на дневен ред на седницата на Управата.

Член 211

Ректорот на Универзитетот ги свикува седниците на Ректорската управа, раководи со нивната работа и се грижи за нивниот тек.

Во негова отсутност, седницата на Управата ја свикува и со неа раководи еден од проректорите на Универзитетот, овластен од ректорот.

Член 212

Ректорот на Универзитетот ги свикува седниците на Ректорската управа по своја иницијатива, или на барање од најмалку 1/5 од членовите на Управата или од една единица на Универзитетот.

Член 213

Ректорската управа, на своите седници, донесува општи акти, одлуки, заклучоци, препораки, зазема ставови по одделни прашања и дава предлози и мислења.

Член 214

Ректорската управа може да работи ако на седницата се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови на Управата, доколку со овој Статут поинаку не е утврдено.

Одлуките на Ректорската управа се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови на Ректорската управа.

Член 215

Одлуките донесени на седница на Ректорската управа ги потпишува ректорот.

Стручни тела и комисии

Член 216

Сенатот, по потреба, може да формира стручни тела и комисии.

Составот, надлежностите и начинот на работа на стручните тела и комисии се утврдуваат со акт на Сенатот.

Член 217

Ректорската управа формира комисии и други работни тела за проучување и изготвување предлози за прашања од делокругот на работата на Ректорската управа.

Член 218

Ректорската управа ги формира следниве постојани комисии:

1. Комисија за настава,
2. Комисија за наука,
3. Комисија за финансии, инвестиции и развој,
4. Комисија за соработка со универзитетите во земјата и во странство,
5. Комисија за издавачка дејност,
6. Комисија за нормативна дејност,
7. Комисија за информатичка технологија,
8. Комисија за студентски стандард и
9. Комисија за култура и спорт.

По потреба, Управата може да формира и други комисии.

Член 219

Ректорската управа, со одлука, ги утврдува надлежноста и составот на комисиите и ги именува нивните претседатели, при што во составот се води сметка за застапеноста на претставници од различни научни подрачја.

Член 220

Заради проучување на одделни прашања од своја надлежност и подготвување извештаи и нацрт-одлуки за потребите на органите на Универзитетот, комисиите можат да образуваат работни групи од наставници, соработници, студенти и други вработени лица на Универзитетот, како и од членови на заинтересираните органи и организации.

Во работата на комисиите можат да учествуваат и други лица, без право на одлучување.

Комисиите работат врз основа на својата програма за работа, која мора да биде усогласена со програмата за работа на Универзитетот.

Член 221

Комисиите даваат предлози и мислења и можат да одлучуваат ако е тоа утврдено со одлуката од член 219 од овој Статут.

Во работата на комисиите соодветно се применуваат одредбите од деловникот на Ректорската управа.

Член 222

Членовите од редот на студентите во комисиите и работните тела на Универзитетот ги избира Универзитетското студентско собрание.

Постапка за донесување на општите акти на Универзитетот

Член 223

Нацрт-општите акти на Универзитетот ги подготвуваат работните тела кои ги формира ректорот на Универзитетот.

Член 224

Нацрт-општиот акт, откако ќе го утврди Ректорската управа, се доставува на јавна расправа на единиците на Универзитетот.

Врз основа на мислењата и предлозите на единиците од претходниот став, соодветното тело подготвува предлог на општиот акт, кој го утврдува Ректорската управа.

Предлогот на општиот акт се доставува до Сенатот за усвојување, односно до Ректорската управа кога донесувач на општиот акт е Ректорската управа.

Член 225

Измените и дополнувањата на општите акти се вршат на начинот и постапката по кои се донесуваат.

Член 226

Општите акти на Универзитетот и на единиците се објавуваат во јавно гласило на Универзитетот.

Во јавно гласило на Универзитетот се објавуваат општите акти и на придружните членки со кои се регулираат прашања од доменот на улогата, целите, задачите и дејноста на Универзитетот.

Општите акти на Универзитетот и на единиците стапуваат во сила најрано со денот на објавувањето.

Поблиски одредби за издавањето на јавното гласило донесува Ректорската управа.

Универзитетски совет

Состав

Член 227

Универзитетскиот совет брои 11 члена:

- пет члена именува Сенатот, и тоа по едно лице од различни научни подрачја, кои не се членови на Сенатот;
- два члена именува Универзитетското студентско собрание од редот на студентите;
- три члена именува Собранието на Република Северна Македонија;
- еден член именува Стопанската комора на Република Северна Македонија.

За член на Универзитетскиот совет не може да биде избрано лице кое, согласно со одредбите од Законот за установите, не може да биде член на орган на управување на установа, како и лице вработено во управата на Универзитетот, во министерството надлежно за работите на високото образование, односно за науката, лице именувано на функција во државен орган или единица на локалната самоуправа или избрано во орган на политичка партија.

Универзитетскиот совет избира претседател од редот на своите членови.

Универзитетскиот совет го избира претседателот од членовите именувани од Сенатот. Претседателот се избира со мнозинство од вкупниот број членови на Универзитетскиот совет.

Мандатот на членовите на Универзитетскиот совет трае три години без право на повторен избор, освен за членовите избрани од редот на студентите, на кои мандатот им трае една година без право на повторен избор.

Надлежности на Универзитетскиот совет

Член 228

Универзитетскиот совет врши надзор над извршувањето на дејноста на Универзитетот, задачите на Универзитетот во согласност со закон, законитоста на неговото работење, рационалната употреба на кадровските и материјалните ресурси и врши други работи утврдени со актот за основање и овој Статут.

Во рамките на надлежностите, Универзитетскиот совет предлага мерки до органите на Универзитетот за доследно извршување на дејноста и задачите на Универзитетот, укажува на незаконските акти и дејствија на Универзитетот и на единиците, предлага мерки за рационално користење на кадровските и материјалните ресурси на Универзитетот и на единиците, се грижи за заштита на автономијата на Универзитетот и презема мерки во случај на повреда на автономијата на Универзитетот, најмалку еднаш годишно доставува информација до министерството надлежно за работите на високото образование и до Сенатот на Универзитетот, и врши други работи од значење за Универзитетот и за единиците.

Универзитетскиот совет во својата работа не може да преземе дејствија со кои се ограничува и повредува автономијата на Универзитетот.

Универзитетскиот совет одлучува на седници.

Седниците ги закажува и со нив претседава претседателот.

Советот може да одлучува доколку на седницата се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови, и одлуките ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови, доколку поинаку не е уредено со овој Статут.

Органи на единиците

Член 229

Органи на факултетот се: наставно-научен совет, декан и деканатска управа.

Наставно-научниот совет на факултет од областа на уметноста носи назив: наставно-научен и уметнички совет.

Органи на научниот институт се: научен совет за студии од втор и трет циклус, директор и институтска управа.

На факултетот се формира факултетско студентско собрание како тело на факултетот.

Наставно-научен, односно научен совети

Наставно-научен совети на факултети

Член 230

Наставно-научниот совет е орган на управување и стручен орган на факултетот.

Наставно-научниот совет го сочинуваат редовните и вонредните професори и доцентите, кои се во работен однос на факултетот.

Во наставно-научниот совет свои претставници избираат студентите.

Претставниците на студентите ги избира факултетското студентско собрание. Мандатот на студентите е две години. Бројот на претставниците од редот на студентите не може да биде помал од 10 %, ниту поголем од 15 % од вкупниот број членови на наставно-научниот совет.

Бројот на претставниците на студентите и нивниот избор се утврдуваат со статутот на факултетот.

Наставно-научниот, односно научниот совет може, за одделни студиски програми или за други потреби, да формира стручни тела утврдени со статутот на единицата.

Член 231

На факултет на кој се избрани повеќе од 150 наставници, наставно-научниот совет го сочинуваат претставници избрани од организационите единици (катедри, институти, центри и слично), од страна на редовните и вонредните професори и доцентите.

Изборот се врши сразмерно на наставниците избрани, односно распоредени во организационата единица на начинот и според условите определени во овој Статут и со статутот на факултетот.

Секоја организациона единица е застапена со најмалку еден претставник. Изборот се врши со тајно гласање, од страна на лицата избрани во звањата од став 1 на овој член, а кои се распоредени во соодветната организациона единица.

Поблиски одредби за утврдување на бројот и за начинот на избор се утврдуваат со статутот на факултетот.

Научен совети на научен институти

Член 232

Научниот совет го сочинуваат лицата избрани во наставно-научни и научни звања.

Надлежност на наставно-научниот совет

Член 233

Надлежноста на наставно-научниот совет е утврдена со закон, со овој Статут и со статутот на единицата.

Член 234

Наставно-научниот совет одлучува со јавно гласање освен за работите утврдени со закон, актите на Универзитетот и факултетот за кои е предвидено тајно гласање.

Наставно-научниот совет може да одлучи да гласа тајно и за прашањата за кои се гласа јавно. Одлуката за тајно гласање се донесува со јавно гласање.

Член 235

Седниците на наставно-научниот совет ги свикува и со нив раководи деканот на факултетот.

Во отсуство на деканот, по негово овластување, со седницата на наставно-научниот совет раководи еден од продеканите.

Деканот е должен да свика седница на наставно-научниот совет доколку тоа го бара 1/5 од членовите.

Член 236

Одредбите од ова поглавје соодветно се применуваат и за наставно-научниот и уметнички совет и за научниот совет.

Декан, односно директор

Член 237

Деканот, односно директорот е раководен орган на единицата.

Надлежностите на деканот, односно директорот се утврдени со закон, со овој Статут и со статутот на единицата.

Избор на декан

Член 238

За избор на декан, наставно-научниот совет може полноважно да одлучува доколку се присутни две третини од вкупниот број негови членови. Гласањето е тајно.

Избран е кандидатот што добил мнозинство од присутните членови на наставно-научниот совет.

Член 239

Постапката за избор на декан започнува најдоцна шест месеци пред истекот на мандатот на деканот.

Наставно-научниот совет, во рокот определен во став 1 на овој член, донесува одлука за започнување на постапката и формира изборна комисија од 3 члена. Ако наставно-научниот совет не ја донесе одлуката, одлука за започнување на постапката донесува ректорот.

Секој редовен и вонреден професор, а доколку нема редовни и вонредни професори, и од редот на доцентите, доколку се исполнети условите од овој Статут, има

право, во рок од 30 дена од денот на донесувањето на одлуката од став 2 на овој член, да се кандидира за декан.

Пријавените кандидати до изборната комисија доставуваат пријава и програма за работа за мандатниот период.

Изборната комисија ги доставува пријавите и програмите на кандидатите за декан до членовите на наставно-научниот совет, во рок од три дена од денот на нивното поднесување.

Член 240

Ако при гласањето, во првиот круг, не биде избран декан, гласањето се повторува уште еднаш, но само за кандидатите што добиле најмалку една третина гласови од вкупниот број членови на наставно-научниот совет. Ако и при повторното гласање не се избере декан, целата постапка се повторува.

Ако за избор на декан има предложено само еден кандидат и ако при гласањето во првиот круг тој не го добие потребното мнозинство гласови, целата постапка се повторува.

При повторната постапка не учествуваат кандидатите за декан од претходната постапка.

Член 241

Одлуката за избор на декан ја потврдува Сенатот на Универзитетот.

Ако Сенатот не го потврди изборот на декан, постапката се повторува. Во повторната постапка не учествува претходниот кандидат за декан.

Сенатот нема право да не го потврди изборот на декан ако тој ги исполнува условите утврдени со закон и ако не е повредена постапката за избор.

Член 242

Одредбите за избор на декан се применуваат и за избор на директор на научен институт.

Разрешување и престанок на мандатот на деканот пред истекот на рокот за кој е избран

Член 243

Мандатот на деканот престанува пред истекот на рокот за кој е избран под услови и во постапка предвидени со Законот за високото образование и овој Статут. Деканот е должен најмалку еднаш во годината, до наставно-научниот совет и до ректорот на Универзитетот, да поднесува извештај за својата работа. Доколку наставно-научниот совет не го прифати извештајот за работа на деканот, се смета дека деканот е разрешен и се известува ректорот да именува вршител на должноста декан. Истиот ден кога наставно-научниот совет нема да го прифати извештајот за работа на деканот, започнува постапка за избор на нов декан.

Во случај на престанок на мандатот на деканот пред истекот на рокот за кој е избран, ректорот именува времен вршител на должноста декан, по претходно добиена согласност од лицето кое го именува, за време од шест месеци.

Член 244

Одредбите од членот 243 од овој Статут соодветно се применуваат и за директорот на научен институт.

Примена на статутот на единицата

Член 245

Постапката за избор на декан и на разрешување на деканот и продеканите, односно на директорот, поблиску се утврдува со статутот на единицата, во согласност со овој Статут.

Член 246

Мандатите на декан на факултет и директор на научен институт се со исто времетраење.

Продекани

Заменик-директор

Член 247

За вршење на дел од своите права и обврски, деканот може да ги овластува продеканите.

Бројот на продеканите се утврдува со статутот на единицата.

За вршење на дел од своите права и обврски, директорот може да го овласти заменик-директорот.

Член 248

Продеканите се избираат од страна на наставно-научниот совет по предлог на новоизбраниот декан, според постапката предвидена со статутот на единицата.

Продеканите се избираат од редот на редовните и вонредните професори и доцентите.

Продеканите вршат работни задачи што ќе им ги определи деканот за области од дејноста на факултетот (високообразовна, научноистражувачка и уметничка дејност, финансии и сл.).

За својата работа, продеканите одговараат пред наставно-научниот совет и пред деканот.

Одредбите од ставовите 1, 2, 3 и 4 од овој член соодветно се применуваат и за заменик-директорот.

Деканатска управа

Институтска управа

Член 249

Деканатската управа е орган на управување на факултетот и може да има најмалку 5, а најмногу 15 члена.

Составот и надлежностите на деканатската управа се утврдени со закон и со статутот на факултетот.

Институтската управа е орган на управување на научниот институт и може да има најмалку 5, а најмногу 15 члена.

Составот и надлежностите на институтската управа се утврдени со статутот на научниот институт.

Одбор за соработка и доверба со јавноста

Член 250

На единица на Универзитетот се формира одбор за соработка и доверба со јавноста.

За да оствари соработка и доверба со јавноста, деловната заедница, професионалните комори и други институции и здруженија на граѓани од подрачјето во кое ја врши високообразовната дејност и научноистражувачката работа или уметничкото творештво, како и да оствари јавност и одговорност во вршењето на дејноста од јавен интерес, единицата формира факултетски одбор за соработка и доверба со јавноста. Одборот за соработка и доверба со јавноста има советодавна улога.

Составот, мандатот, начинот на предлагање и разрешување на членовите, како и надлежностите се утврдуваат со статутот на единицата.

СТРУЧНА И АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА

Член 251

Стручната и административна служба се организира како интегрирана стручна и административна служба на Универзитетот (во натамошниот текст: Служба на Универзитетот), која ја сочинуваат Централната стручна и административна служба - Ректоратот и стручните и административни служби на единиците.

Член 252

Службата на Универзитетот се организира по сектори, во согласност со функционалната поврзаност на дејноста на единиците на Универзитетот утврдени со овој Статут.

Член 253

Начинот на кој се вршат стручните и административните работи од заеднички интерес за единиците на Универзитетот се утврдува со правилник што го донесува Сенатот.

Член 254

Начинот на работа, видовите на работните места, работните задачи со условите, бројот на извршителите и нивните права, обврските, одговорностите и другите прашања поврзани со Службата на Универзитетот се утврдуваат со општ акт на Ректорската управа, по предлог на ректорот.

Член 255

Со работата на Службата на Универзитетот раководи генералниот секретар на Универзитетот.

Генералниот секретар за својата работа е одговорен пред ректорот.

Со службата на единицата раководи секретар, кој за својата работа е одговорен пред деканот, односно директорот на единицата.

Член 256

Генералниот секретар на Универзитетот:

1. се грижи за подготвување и обработка на материјалите за седниците на Ректорската управа и Сенатот, како и за подготвување на одлуките и општите акти што ги донесуваат овие органи и тела;
2. по овластување на ректорот, го застапува Универзитетот во правните работи;
3. се грижи за исполнувањето и извршувањето на обврските на Универзитетот во соработката на Универзитетот со соодветните државни и општински органи и тела, надлежни за работите на образованието и науката;
4. се грижи за уредноста и ажурноста во работата по предметите и подготвувањето на другите материјали и за таа цел свикува и раководи со работните состаноци на Службата на Универзитетот;
5. го следи извршувањето на одлуките и заклучоците на органите на Универзитетот и ги известува за тоа;
6. ја координира работата со секретарите на единиците за прашањата што се однесуваат на Универзитетот како целина и за работите од делокруг на Службата на Универзитетот;
7. врши координирање на работата на службите на единиците;
8. одлучува за правата, должностите и одговорностите на вработените во Службата на Универзитетот.

Работните документи, покрај ректорот, може да ги потпишува и генералниот секретар.

РАЗВОЈ, ФИНАНСИРАЊЕ И ИМОТ

Финансирање

Приходи

Член 257

Универзитетот и единиците стекнуваат приходи од:

1. Буџетот на Република Северна Македонија;
2. Други извори:

- партиципации;
- школарини на студиите;
- школарини;
- образовни активности на прв, втор и трет циклус студии;
- вршење образовна, научноистражувачка, уметничка и применувачка, односно апликативна дејност за домашни и странски правни и физички лица;
- различни форми за надградување, продлабочување или проширување на знаењата и континуирано образование;
- размена на научни и стручни услуги и производи со домашни и странски физички и правни лица;
- вршење научна, уметничка и стручна дејност и продавање производи на домашни и странски правни и физички лица;
- дејности по основ на јавни овластувања;
- уметнички творби;
- камати;
- авторски и други интелектуални права;
- издавачка дејност;

- добивка од трговските друштва основани од Универзитетот, односно од единица на Универзитетот;
- од домашни и странски правни и физички лица;
- од фондови и фондации и сл.;
- легати, подароци, завештанија, прилози и донации;
- други извори.

3. Посебни приходи:
- научноистражувачки проекти;
- други остварувања.

Расположување со приходите

Член 258

Со приходите стекнати од Буџетот на Република Северна Македонија, Универзитетот и единиците располагаат според критериуми и намена утврдени од надлежното министерство, орган и сл.

Со приходите од други извори, Универзитетот, односно единиците што ги создале, располагаат самостојно, согласно со овој Статут и со статутите на единиците.

Посебните приходи се водат на посебни сметки на Универзитетот. Со овластување од ректорот, единиците што учествувале во нивното создавање самостојно располагаат со тие средства, согласно со овој Статут.

Со средствата стекнати од легати, подароци, завештанија, прилози и донации, располагањето се остварува според намената на давателот согласно со овој Статут.

Остварување на интегрираните дејности

Член 259

Во остварувањето на интегрираните и другите дејности од член 30 на овој Статут, единиците и придружните членки – јавни научни установи на Универзитетот учествуваат до 5 % од приходите со кои самостојно располагаат.

Ректорската управа донесува правилник со кој подетално ги утврдува приходите и висината на процентот од став 1 на овој член на кои се плаќа до 5 %.

Покривање на расходите

Покривање на расходите на Универзитетот

Член 260

Универзитетот, со средствата со кои располага, ги покрива расходите за вршење на дејноста:

1. покривање на трошоците што произлегуваат од интегративните функции согласно со овој Статут;
2. бруто плати на лицата на кои платата им се исплаќа од сметката на Универзитетот (вклучувајќи ги даноците, придонесите, надоместоците и сл.);
3. материјални трошоци за работата на органите, комисиите и телата и сл. на Универзитетот (канцелариска опрема и сл.);
4. капитални вложувања, инвестиционо одржување, амортизација за имотот што го користи Универзитетот (згради, опрема, книги и др.);

5. финансиски трошоци за обврски што ги презел Универзитетот (камати, осигурување и др.);
6. патувања во рамките на дејноста на органите на Универзитетот;
7. развој и проширување на дејноста, која се остварува преку органите на Универзитетот;
8. исполнување преземени обврски кон трети лица од страна на Универзитетот;
9. издавачка дејност и
10. други трошоци.

Покривање на расходите на единицата

Член 261

Единиците на Универзитетот, со буџетските средства и со средствата со кои самостојно располагаат, согласно со овој Статут, ги покриваат расходите за вршење на дејноста:

1. бруто плати на лицата на кои платата им се исплаќа и од сметката на единицата (вклучувајќи ги даноците, придонесите, надоместоците и сл.);
2. материјални трошоци за остварување на дејноста на единицата (канцелариска опрема со материјали, лабораториска опрема со материјали, литература и сл.);
3. капитални вложувања, инвестиционо одржување, амортизација за имотот што го користи единицата (згради, опрема, книги и др.);
4. финансиски трошоци за обврски што ги презела единицата (камати, осигурување и др.);
5. патувања;
6. развој и проширување на дејноста на единицата;
7. исполнување преземени обврски од страна на единицата;
8. сите трошоци што произлегуваат од дејноста на единиците и
9. други трошоци.

Финансиски план и завршна сметка

Член 262

Сенатот донесува годишен финансиски план.

Годишниот финансиски план на Универзитетот ги содржи годишните финансиски планови на единиците и на организационите единици, по програми, потпрограми, ставки и сметки.

Универзитетот изготвува збирни годишни, квартални и месечни финансиски планови по програми и ставки, врз основа на претходно изработени годишни, квартални и месечни планови на единиците по програми, ставки и сметки.

Единиците донесуваат завршни сметки и ги доставуваат до Универзитетот и до надлежните органи согласно со законските прописи.

Универзитетот донесува завршни сметки и ги доставува до надлежните органи согласно со законските прописи.

Завршната сметка на Универзитетот претставува консолидирана финансиска сметка со завршните сметки на единиците на Универзитетот.

Даночен број

Член 263

Универзитетот има даночен број.

Во рамките на Универзитетот постојат и даночни броеви за сметките на единиците.

Проектите имаат свои даночни броеви.

Финансиско и сметководствено работење

Член 264

Универзитетот и единиците водат посебно сметководство за средствата од Буџетот на Република Северна Македонија и за другите извори и посебните приходи.

Финансиското и сметководственото работење и надзорот над законитоста на работењето на Универзитетот и на единиците се вршат во согласност со закон, подзаконските акти и општите акти на Универзитетот.

За финансиското работење на единицата е одговорен деканот, односно директорот на единицата.

Имот

Член 265

Недвижниот имот и другите ствари што ги користи Универзитетот, стварите стекнати согласно со овој Статут, стварите стекнати од легати, наменски прилози, подароци и завештанија, се имот во сопственост на Универзитетот.

Другите ствари што ги користи единицата, стварите стекнати согласно со овој Статут, стварите стекнати од легати, наменски прилози, подароци и завештанија, се имот во сопственост на единицата.

Регистар на недвижен имот

Член 266

Универзитетот води регистар на недвижниот имот.

Содржината на регистарот и начинот на неговото водење се утврдуваат со акт на Ректорската управа.

ВИСОКООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Општи одредби

Член 267

На Универзитетот се организираат академски и стручни студии.

Член 268

Студиите на Универзитетот се остваруваат врз основа на акредитирани студиски програми и според правилата за студирање базирани врз европскиот систем за пренос и акумулација на кредити (во натамошниот текст: ЕКТС).

Бројот на стекнати ЕКТС-кредити претставува квантитативна мерка на работа и активности неопходни за успешно завршување на студиите.

Член 269

На Универзитетот се организираат студии во три циклуси на високото образование.

По завршувањето на студиите од став 1 на овој член, лицето се стекнува со соодветен назив во согласност со Националната рамка на високообразовни квалификации утврдена со Законот за националната рамка на квалификации на високото образование.

Прв циклус студии

Член 270

Првиот циклус студии се остваруваат согласно со закон, студиските програми, овој Статут и Правилникот на Универзитетот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и на втор циклус студии.

На Универзитетот се остваруваат студии од прв циклус како:

1. прв циклус академски студии (додипломски студии), и
2. прв циклус стручни студии.

Одредени студиски програми можат да се реализираат интегрирано низ првиот и вториот циклус студии.

Прв циклус академски студии

Член 271

Академските студии од прв циклус (додипломски студии) на Универзитетот се организираат во траење од три или четири години и со нивното завршување се стекнуваат 180 ЕКТС кредити, односно 240 ЕКТС кредити.

Лицето кое ги завршило додипломските студии се стекнува со назив дипломиран, со додавка на соодветната област, ако со закон поинаку не е уредено и се стекнува со квалификација согласно со Националната рамка на високообразовни квалификации утврдена со Законот за националната рамка на квалификации на високото образование.

Втор циклус студии

Член 272

Вториот циклус студии се остваруваат согласно со закон, студиските програми, овој Статут и Правилникот на Универзитетот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и на втор циклус студии.

На Универзитетот се остваруваат студии од втор циклус како:

1. втор циклус академски студии (постдипломски студии), и
2. втор циклус стручни студии.

Втор циклус академски студии (постдипломски студии)

Член 273

На Универзитетот се организираат постдипломски студии во траење од една или две години и со нивното завршување се стекнуваат 60, односно 120 ЕКТС кредити.

Студентот задолжително изработува магистерски труд како завршен дел на студиската програма што ја запишал на постдипломски студии.

Лицето кое по завршувањето на постдипломските студии се стекнало со најмалку 300 ЕКТС кредити, вкупно на додипломски и постдипломски студии, се стекнува со академскиот назив магистер од соодветната област.

Член 274

Интегрираните студии од прв и втор циклус се организираат во траење од пет до шест години и со нивното завршување се стекнуваат 300 до 360 ЕКТС кредити.

Трет циклус академски студии – докторски студии

Член 275

Третиот циклус академски студии се остваруваат согласно со закон, студиските програми, овој Статут и Правилникот на Универзитетот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии.

Член 276

Постапката за пријава, оцена и одбрана на докторска дисертација, односно изработка и/или изведба на уметничко дело се утврдува со Правилникот од член 275 на овој Статут.

Промоција на лица кои завршиле програми од трет циклус академски студии – докторски студии и се здобиле со научен назив – доктор на науки

Член 277

Промоцијата на лица кои завршиле докторски програми од трет циклус и се здобиле со научен назив – доктор на науки ја врши ректорот.

Промоцијата е свечен чин на која присуствуваат кандидатите кои се промовираат, проректорите, деканите, односно директорите на единиците, менторите и други лица.

Во текот на промоцијата се соопштуваат биографијата, научните достигнувања на кандидатот кој се промовира, како и текот на постапката за стекнување научен назив – доктор на науки.

На крајот на промоцијата, на кандидатите им се доделуваат дипломите за стекнатиот научен степен – доктор на науки/доктор на уметност.

Прв циклус стручни студии

Член 278

На Универзитетот се спроведуваат прв циклус стручни студии во траење од три години и со нивното завршување се стекнуваат 180 ЕКТС кредити и стручен назив согласно со Националната рамка на високообразовни квалификации утврдена со Законот за националната рамка на квалификации на високото образование.

Покрај студиите од став 1 на овој член, на единиците можат да се организираат различни програми на стручно усовршување кои траат пократко и со нивното завршување студентите се стекнуваат со 60 или 120 кредити и соодветен стручен назив согласно со Националната рамка на високообразовни квалификации утврдена со Законот за националната рамка на квалификации на високото образование.

Втор циклус стручни студии

Член 279

На Универзитетот се спроведуваат втор циклус стручни студии во траење од една година и со нивното завршување се стекнуваат 60 ЕКТС кредити и стручен назив согласно со Националната рамка на високообразовни квалификации утврдена со Законот за националната рамка на квалификации на високото образование.

Студентот задолжително изработува специјалистички труд како завршен дел на студиската програма од втор циклус специјалистички студии што ја запишал.

Дипломи

Стручен и научен назив

Член 280

Стручните и научните називи се определуваат согласно со закон и општиот акт на Националниот совет.

На Универзитетот се стекнуваат следниве видови дипломи:

1. диплома за прв циклус академски студии (додипломски студии) – по завршување на студиска програма во траење од три или четири години и стекнување на 180, односно 240 ЕКТС кредити;
2. диплома за прв циклус стручни студии – по завршување на студиска програма во траење од три години и стекнување 180 ЕКТС кредити;
3. диплома за втор циклус академски студии (постдипломски студии) – по завршување на студиска програма во траење од една или две години и стекнување 60, односно 120 ЕКТС кредити;
4. диплома за втор циклус стручни студии – по завршување на студиска програма во траење од една година и стекнување 60 ЕКТС кредити;
5. диплома за интегрирани студии од прв и втор циклус – по завршување на студиска програма во траење од пет до шест години и стекнување од 300 до 360 ЕКТС кредити;
6. диплома за научен назив – доктор на науки, односно доктор на уметности – по завршување на студиска програма во траење од три години и стекнување 180 ЕКТС кредити.

Член 281

Траењето на студиите и бројот на кредитите за студиските програми за секторските и регулираните професии се утврдуваат со закон, овој Статут и со студиската програма.

Специјализациите од областа на медицинските науки се организираат со посебен закон.

Студиски програми

Член 282

Студиите на Универзитетот се организираат според студиски програми што ги усвојува Сенатот, а акредитацијата ја врши надлежен орган во Република Северна Македонија согласно со закон.

Студиските програми се предлагаат од страна на наставно-научните, односно научните/наставничките совети на единиците на Универзитетот и органите на придружните членки – на јавните научни установи за втор и трет циклус и на високообразовните установи на верските заедници.

Студиските програми се усвојуваат од страна на Сенатот по претходно стручно мислење на Ректорската управа.

Предлогот на програмите треба да биде составен во согласност со закон.

Содржина на студиските програми

Член 283

Студиските програми на додипломските, постдипломските и докторските студии се оформуваат според нормативи, стандарди и методологија, кои се прифатени на единствениот европски простор за високо образование така што овозможуваат споредливост со програмите на високообразовните установи во тој простор.

Студиските програми од сите три циклуси на студии содржат задолжителни и изборни наставни предмети согласно со закон.

Задолжителните компоненти што треба да ги содржат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус студии поблиску се утврдуваат со Правилникот за содржината на студиските програми, кој го донесува Националниот совет за високо образование.

Програми за стручно и професионално усовршување

Член 284

На Универзитетот и единиците можат да се организираат различни програми на стручно, односно професионално усовршување во рамките на концептот за доживотно учење согласно со закон.

Форми за стручно, односно професионално усовршување можат да се организираат доколку се обезбедени просторни, кадровски и други услови потребни за нивна реализација.

Програмите од став 1 на овој член се организираат заради усовршување, дополнување, продлабочување и осовременување на знаењето и тие можат да траат континуирано (за подолг временски период) или ad hoc, по потреба.

Програмите од став 1 на овој член ги донесува наставно-научниот, односно научниот совет на единицата, односно Сенатот согласно со програмата за нивното организирање.

Право да ги посетуваат овие програми имаат студенти, лица со завршен прв, втор или трет циклус студии и лица со завршено средно образование, доколку е тоа утврдено со соодветната програма.

Запишувањето се врши врз основа на конкурс. Учесниците плаќаат надомест за посетување на програмите за стручно, односно професионално усовршување. Висината на надоместот се утврдува со соодветната програма.

Со програмата може да се предвиди проверка на знаењата на лицата што ги посетувале овие програми.

На лицата кои ги посетувале овие програми, Универзитетот или единицата им издава потврда, односно сертификат. Сертификатот/потврдата се потпишува од страна на ректорот, односно деканот, согласно со став 1 на овој член.

Поблиски одредби за условите, постапката и начинот на реализација на програмите за стручно и професионално усовршување се утврдуваат со општ акт на Универзитетот, односно единиците.

Покрај програмите за стручно, односно професионално усовршување, на Универзитетот и на неговите единици можат да се организираат и различни облици на неформално учење согласно со закон.

Далечинско учење

Член 285

Студиите можат да се организираат и преку системот за далечинско учење.

Предлогот на планот на студиите по далечински пат го поднесува единицата, која е носител на студиската програма, а го усвојува Сенатот по претходно мислење на Ректорската управа.

Поблиски одредби се утврдуваат со правилниците на Универзитетот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии.

Програми за стручно образование пократко од три години

Член 286

На Универзитетот и на единиците, заради стекнување на стручни знаења и обука, може да се организира стручно образование со траење пократко и од три години.

Стекнувањето на стручните знаења и обуката од ставот 1 на овој член се реализира согласно со акредитирана студиска програма за стручни студии што ја усвојува Сенатот на предлог од наставно-научниот, односно научниот совет на единицата и мислење од Ректорската управа.

Запишувањето на студиската програма од ставот 2 на овој член се врши врз основа на конкурс. Учесниците плаќаат надомест за посетување на студиските програми за стручно усовршување. Висината на надоместот ја утврдува единицата што ја организира програмата.

За стекнатите стручни знаења и обука од став 1 на овој член, Универзитетот, односно единицата издава сертификат во кој се наведени бројот на стекнатите ЕКТС-кредити (60 или 120) и уверение со положените предметни програми со освоените ЕКТС-кредити за кои лицето стекнало стручни знаења и ја завршило предвидената обука.

На лицето кое се стекнало со сертификат, согласно со ставот 4 од овој член за завршен програма која е дел од акредитирана студиска програма од прв циклус високообразовни стручни студии, може стекнатото стручно знаење и обука да му се признаат како дел од високообразовна програма, согласно со правилата за студирање.

Единицата која организира стручно образование пократко од три години во предлог-одлуката за нејзино донесување ги утврдува условите под кои ќе се изврши евалуирање на стекнатото знаење.

Студиска програма за заедничка диплома

Член 287

На Универзитетот и на единиците може да се прифати и да се изведува студиска програма за стекнување на заедничка диплома согласно со закон.

Постапката за нејзино донесување е иста како постапката за усвојување студиска програма утврдена со член 283 од овој Статут.

Студиски програми на регулирани професии

Член 288

На Универзитетот се организираат студиски програми за стекнување знаење на сите циклуси на студии за регулирани професии наведени во Законот за високото образование за кои има отстапување од одредбите на Законот во однос на времетраењето и содржината на студиите.

Пренесување на кредити

Член 289

Кредитите можат да се пренесуваат од една на друга иста, слична или различна студиска програма во рамките на еден универзитет, односно од еден на друг универзитет, односно од една на друга самостојна високообразовна установа.

Критериумите и условите за пренесување на кредитите и условите за преминување од една на друга студиска програма поблиску се утврдуваат со општ акт што го донесува Сенатот на Универзитетот.

УСЛОВИ И НАЧИН НА ЗАПИШУВАЊЕ НА СТУДЕНТИ

Член 290

Запишувањето на студентите се врши врз основа на јавен конкурс што го објавува Универзитетот по добивањето на согласност од Владата на Република Северна Македонија во најмалку два дневни весника и на веб-страницата на Универзитетот.

Достапност на високото образование на Универзитетот

Член 291

Универзитетот обезбедува пристап до студиските програми на Универзитетот под еднакви услови и селекција на кандидатите за упис, врз принципот на рамноправност на сите кандидати, без оглед на раса, боја на кожа, пол, род, јазик, вера, политичко или друго уверување, етничко, национално или социјално потекло, имот, раѓање, општествена положба, инвалидност, сексуална определба и возраст.

Член 292

Универзитетот, во конкурсот, ги утврдува критериумите врз основа на кои врши селекција и избор на кандидатите за запишување на студиите.

Права на странските државјани

Член 293

Странските државјани можат да се запишуваат на студии на Универзитетот под исти услови како и државјаните на Република Северна Македонија

Ректорската управа утврдува предлог за висината на школарината што ја плаќаат странските државјани.

Еднакво вреднување на странско образование

Член 294

Се смета дека условите за запишување утврдени во членовите 134, 135 и 136 од Законот за високото образование ги исполнува и лице кое завршило соодветно образование во странство.

Условите за упис на лица кои завршиле несоодветно образование ги пропишува Сенатот на Универзитетот со општ акт.

ОБЕМ НА СТУДИИТЕ И ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕТО

Почеток и завршување на студиска година

Член 295

Студиската година почнува на 1 октомври, а завршува на 30 септември следната година и се дели на два семестра, зимски и летен семетар

Наставата во зимскиот семестар започнува на 1 октомври и трае до 15 јануари следната година, а наставата во летниот семестар започнува на 15 февруари и трае до 1 јуни.

Проверка на знаењето

Член 296

Проверката на знаењето на студентот по наставните предмети се врши континуирано во текот на наставно-образовниот процес и се изразува во поени.

За исполнување на обврските за полагање на испитот (по делови или во целина), студентот добива оценка изразена во броеви од 5 (пет) до 10 (десет), при што оценката 5 (пет) означува недоволен успех.

Испитот по еден наставен предмет може да се полага најмногу три пати, од кои третиот пат, по барање на студентот, испитот се изведува пред комисија составена од три члена од наставници од иста или сродна наставно-научна област. Комисијата ја формира деканот, односно директорот.

Наставникот кај кого полагал студентот не е член на комисијата од претходниот став на овој член.

Член 297

Сенатот на Универзитетот со општ акт ги пропишува можните начини на проверка на знаењето.

Завршното оценување задолжително се запишува во индексот и во пријавата за завршно оценување, како и во електронскиот систем.

Просечниот успех на студентот претставува аритметичка средина на оценките од завршното оценување по сите наставни предмети во текот на студиите, вклучувајќи го и завршниот испит.

За секоја проверка на знаењето, студентот може да се пријави по електронски и/или писмен пат, додека за завршното оценување поднесува образец-пријава одобрена од Ректорската управа на Универзитетот.

Испитни рокови

Член 298

Студентот има право да ги полага предметите во рамките на: зимскиот, летниот и есенскиот испитен рок. Испитните рокови траат најмалку три недели. Во рамките на предвидените испитни рокови, единиците на Универзитетот можат да определат повеќе од еден термин за полагање на секој испит.

Ако за одредени предмети се изведува континуирана проверка на компетенциите на студентот во текот на семестарот, носителот на студиската програма (единицата) не мора да ги дава испитните рокови од став 1 на овој член и може да ги дефинира бројот и распоредот на испитните рокови со овој општ акт.

Испитите можат да се организираат непосредно по завршувањето на блок-наставни содржини, односно преку колоквиуми ако се предвидени во предметната програма, а

крајната оценка се утврдува на завршниот испит во редовна испитна сесија. Во крајната оценка се вкалкулирани постигањата на студентот во текот на континуираното оценување.

Испитите, или некои други форми на проверка на стекнатите знаења, вештини и способности, се полагаат по сите предмети што студентот ги запишал, и тоа по градивото утврдено според студиската програма.

На испитот може да се подложи оној студент што ги има задоволено сите пропишани обврски утврдени според студиската програма за конкретниот предмет.

За секој студент се води испитна документација.

Јавни исправи

Член 299

Дипломата, индексот и студентската легитимација ги издава Универзитетот.

Уверението го издава факултетот, односно научниот институт.

Уверението се издава за завршени сите обврски по студиската програма или само дел од студиската програма што студентот ја запишал.

Индексот, студентската легитимација и уверението ги потпишува деканот на факултетот, односно директорот на научниот институт.

Кориците на индексот се во црвена боја.

За вистинитоста и законитоста на издадените јавни исправи е одговорен деканот на факултетот, односно директорот на научниот институт, односно на придружната членка.

Член 300

На студентот, со завршување на сите обврски утврдени со студиската програма во кој било циклус студии на високо образование, Универзитетот и единицата на Универзитетот, согласно со евиденцијата што се води за него, му издаваат диплома. Составен дел на дипломата е и додатокот на дипломата.

Член 301

На студент кој се стекнал со диплома, може да му се одземе издадената диплома и стекнатиот стручен, односно научен назив под услови и во постапка за одземање диплома со правилник што го донесува Универзитетот.

Водење и заштита на личните податоци на студентите

Член 302

Евиденцијата со личните податоци за студентите се води согласно со Законот за високото образование и другите прописи што ја регулираат заштитата на личните податоци.

Евиденцијата се води во материјална форма. Истовремено, евиденцијата може да се води и во електронска форма.

Реалните акти (обрасците) потребни за евиденција и обрасците на кои се запишуваат податоците од евиденцијата ги издава Универзитетот.

Член 303

За потребите за евиденција, студентска мобилност и регулација на статусот на студентите, Универзитетот издава и други реални акти (обрасци) пропишани со акт на Ректорската управа.

Евиденцијата од овој член се води во материјална форма. Истовремено, евиденцијата може да се води и во електронска форма.

Реалните акти (обрасците) потребни за евиденција и обрасците на кои се запишуваат податоците од евиденцијата од став 1 на овој член ги издава Универзитетот.

Примена на одредбите од правилниците за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трите циклуси на студии

Член 304

Поблиски одредби за оваа глава се содржани во правилниците за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трите циклуси студии, кои ги донесува Сенатот.

НАУЧНА, УМЕТНИЧКА И СТРУЧНА РАБОТА

Научноистражувачка и применувачка, односно апликативна дејност

Член 305

На Универзитетот се организира научноистражувачка, уметничка и применувачка, односно апликативна дејност, согласно со основната мисија на Универзитетот, која ги обезбедува целокупноста и потребниот стандард и квалитет на образовниот и истражувачкиот процес, согласно со закон, овој Статут и со долгогодишната традиција.

Член 306

Универзитетот врши научноистражувачка, уметничка и применувачка, односно апликативна работа, со цел развивање на науката и творештвото, унапредување на дејноста на високото образование, односно унапредување на квалитетот на наставата и усовршување на кадарот, воведување на студентите во научноистражувачка, односно уметничка работа, како и создавање материјални услови за работа и развиток на Универзитетот.

Член 307

Научноистражувачката и применувачката, односно апликативната дејност се остварува на Универзитетот и на единиците на Универзитетот (факултетите и научните институти).

Научноистражувачката, уметничката и применувачката, односно апликативната дејност може да се остварува и во соработка со научните установи – придружни членки на Универзитетот, согласно со овој Статут.

Член 308

Слободата на научното, уметничкото и стручното истражување и творештво, како и на меѓусебната соработка и здружување, е академска слобода, која, согласно со закон и

со Уставот на Република Северна Македонија, им припаѓа на сите членови на академската заедница.

Научната, уметничката и стручната истражувачка дејност е темелно право и обврска на вработените на Универзитетот и неговите членови избрани во наставно-научни и уметничко-наставни звања, научни работни места и соработнички звања, утврдени со овој Статут и другите акти.

Истражувачката работа на вработените од став 2 на овој член се остварува преку:

1. преземање договорни обврски и работи на истражувачки програми, проекти, анализи, експертизи, применувачка, односно апликативна дејност, како и
2. индивидуално истражување и творештво.

Член 309

Универзитетот ја поддржува постојаната и професионална (истражувачка, уметничка и стручна) дејност на своите вработени и студенти од општ интерес и јавно ги претставува и ги објавува резултатите од таквата дејност.

Вработените со својата дејност од ставот 1 на овој член не смеат да дејствуваат спротивно на остварувањата на темелните задачи и мисија на Универзитетот утврдени со овој Статут, ниту можат да ги употребуваат името и знакот на Универзитетот за комерцијални цели.

Правата од интелектуалната сопственост создадена при вршењето на научната, истражувачката, уметничката и стручната дејност се остваруваат согласно со закон, овој Статут и другите акти.

Универзитетот и сите вработени во него се должни да ги почитуваат правата од интелектуална сопственост на трети лица.

Предлагање програми, проекти, анализи и експертизи

Член 310

Единиците или група вработени предлагаат и договараат научни и уметнички програми и проекти, како и анализи и експертизи (проекти) со писмена согласност или одобрение од ректорот или од деканот, односно директорот.

Проектите од став 1 на овој член задолжително треба да ги задоволат критериумите на истражувачка и/или стручна работа на Универзитетот.

Договарање и реализација на програми, проекти, анализи и експертизи

Член 311

Договорот за изведување проект го потпишуваат, покрај нарачателот, предлагачот, односно раководителот на проектот и носителот на активностите (ректорот или раководителот на единицата).

Организациската, административната, техничката или другите видови помош на изведувачите на проектот, во зависност од видот на активноста, ги обезбедува Универзитетот или негова единица, односно договорниот нарачател во согласност со одредбите од договорот.

Центар за трансфер на технологија, истражувачки центри

Член 312

Заради континуирано унапредување на науката и истражувањата, заемна поврзаност на науката и образованието, унапредување на домашната и на меѓународната соработка во трансферот на знаења, обука, апликација и унапредување на користењето на резултатите од истражувањата, поврзување на идеи, технологии и креативната сила на Универзитетот со стопанството, како и комерцијални истражувања, Универзитетот може да основа центри како внатрешни организациони единици, установи или трговски друштва согласно со закон и со овој Статут (центар за трансфер на технологија, истражувачки центри и сл.).

МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Член 313

Универзитетот остварува меѓународна соработка.

Меѓународната соработка опфаќа: учество и реализација на меѓународни проекти; остварување соработка со: универзитети, национални и други академии, бизнис-заедницата, јавни и приватни институти и центри и други субјекти, заради унапредување на високообразовната, научноистражувачката и применувачката, односно апликативната дејност; размена на научни и стручни публикации, научни информации; учество на научни средби, симпозиуми, конференции; организирање меѓународни студиски програми и унапредување на европската димензија во високото образование; организирање зимски/летни универзитети; организирање студии надвор од Република Северна Македонија; мобилност на студенти и на наставници; учество во меѓународни програми, асоцијации и сл. и изведување други високообразовни, научни и применувачки, односно апликативни активности.

Член 314

Меѓународната соработка се остварува врз основа на програма што ја донесува Сенатот.

Програмата содржи: цели на меѓународната соработка, видови соработка (мобилност на студенти и на наставници, размена на искуства и знаења, техничко-технолошки развој, стручно усовршување на подмладокот на Универзитетот, организирање студии надвор од РМ и сл.), учесници, финансиска конструкција за реализација и други елементи од значење за остварување на соработката.

Член 315

Предлози за остварување на меѓународната соработка доставуваат и единиците во состав на Универзитетот.

Меѓународната соработка Универзитетот може да ја остварува и преку единиците во својот состав.

Член 316

Универзитетот е поврзан со интранет-мрежа преку која се остварува размена на потребните информации и сл.

Член 317

Условите, начинот и постапката за учество во проекти и нивната реализација, за соработка со установи, институции и други субјекти, менаџирањето на проекти и други прашања од доменот на меѓународната соработка се регулираат со акт, кој го донесува Сенатот.

Член 318

За меѓусебната соработка и за вклучувањето на Универзитетот во меѓународната универзитетска мрежа, Универзитетот склучува со другите универзитети посебни билатерални и мултилатерални договори, спогодби, договори и меморандуми за разбирање, во кои поточно се определуваат формите и начините на меѓусебната соработка.

Член 319

Институционална поддршка на меѓународната соработка се обезбедува преку формирање канцеларии, центри и други форми на организирање на Универзитетот, со акт на Сенатот.

Член 320

Одредбите од оваа глава соодветно се применуваат и за меѓууниверзитетската соработка во земјата.

ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

Член 321

Издавачката дејност на Универзитетот се остварува преку годишни и долгорочни издавачки планови, кои ги донесува Сенатот.

Издавачката дејност се остварува преку издавање учебници (приоритетно), учебни помагала, монографии, студии, списанија, годишници, зборници, гласила на Универзитетот и друга прирачна литература, како и преку издавање соодветни обрасци за потребите на Универзитетот.

Член 322

Единствените основи на издавачката дејност на Универзитетот и на единиците поблиску се утврдуваат со правилник што го донесува Сенатот.

НАСТАВНО-НАУЧНИ, НАУЧНИ, НАСТАВНО-СТРУЧНИ И СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА

Наставно-научни, научни и наставно-стручни звања

Член 323

Наставно-научните, научните и наставно-стручните звања се утврдени со Законот за високото образование.

На факултетите и научните институти, наставниот, односно научниот кадар може да биде избран во следниве наставно-научни, односно научни звања: доцент/научен соработник, вонреден професор/виш научен соработник и редовен професор/научен советник.

На факултетот во областа на филолошките науки и на другите единици на кои се изведува настава по јазик се врши избор во наставно-стручни звања: лектор и виш лектор.

Асистенти, уметнички и стручни соработници

Член 324

На факултетите и научните институти се врши избор во соработничко звање – асистент.

На факултетите од областа на уметностите може да се избере уметнички соработник.

Стручните соработници се избираат за испомош во одржување на лабораториски вежби и тие можат да бидат лаборанти, виши лаборанти и сл.

Асистентите, уметничките и стручните соработници учествуваат во наставно-образовниот процес на единицата на Универзитетот во реализација на вежби.

Асистентите се избираат за научни, односно уметнички области, утврдени со Класификацијата на научноистражувачки подрачја, полиња и области (Меѓународна Фраскатиева класификација).

Член 325

Изборот во наставно-научни, научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања се врши согласно со критериумите и општите услови утврдени со Законот за високото образование и според посебните услови утврдени со правилникот на Универзитетот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања.

Демонстратори

Член 326

На единиците на Универзитетот на кои се организира настава од прв циклус и на интегрираните студии од прв и втор циклус можат да се изберат демонстратори согласно со Законот за високото образование и посебните услови и постапката пропишана со општ акт на Универзитетот и/или единицата како помошници во одржување на вежби.

Предвремен престанок на изборот во звање

Член 327

Иницијатива за предвремено престанување на изборот, а со тоа и работниот однос може да покрене деканот на факултетот, односно директорот на научниот институт, деканатската, односно институтската управа, или најмалку 1/5 од членовите на наставно-научниот, односно научниот совет.

Член 328

Иницијативата од претходниот член ја разгледува наставно-научниот совет на факултетот, односно научниот совет на институтот, односно наставничкиот совет на високата стручна школа.

Доколку наставно-научниот совет на факултетот, односно научниот совет на институтот, ја прифати иницијативата, формира комисија составена од 3 редовни професори, односно со највисоко наставно-стручно или наставно звање, од кои 2 се од соодветната наставно-научна област во која е избран кандидатот, со задача да изготви реферат за предвремено престанување на изборот.

Член 329

За натамошната постапка се применуваат одредбите од Законот за високото образование што се однесуваат на предвремениот престанок во соодветното звање.

Право на вршење дејност на друга високообразовна установа

Член 330

Лице од една единица на Универзитетот може да врши високообразовна, односно уметничка дејност на друга единица на Универзитетот врз основа на согласност на наставно-научните совети, односно научните совети, во звањето во кое е избрано, на иста или сродна наставно-научна, односно уметничка област.

Условите за добивање на согласноста од став 1 на овој член се пропишуваат со статутот на факултетот, односно научниот институт.

Лице од Универзитетот може да врши високообразовна, односно уметничка дејност на друга единица на друг универзитет, односно самостојна висока стручна школа, во звањето во кое е избрано, на иста или сродна наставно-научна, односно уметничка област, врз основа на предлог на наставно-научниот, односно научниот совет на единицата, за што согласност дава Сенатот.

Сенатот при одлучувањето за давање на согласноста од став 2 на овој член поаѓа од тоа дали со другиот универзитет е склучен договор за соработка, дали ангажирањето на наставникот ќе го наруши нормалното одржување на наставата на матичниот факултет и дали севкупното ангажирање на наставникот е во рамките на законот.

Визитинг-наставници

Член 331

По покана од наставно-научниот, односно научниот совет на единица на Универзитетот, за која претходно одобрение дава Ректорската управа, признати научници и истакнати уметници од земјата и од странство можат како гости, без распишување на конкурс, да извршуваат високообразовна и научноистражувачка дејност за одредено време.

Визитинг-наставникот не може да врши оценување на студентите.

Условите под кои се врши дејноста од став 1 на овој член се утврдуваат со договор склучен помеѓу единицата и визитинг-наставникот.

Афирмирани научници, стручњаци од практиката и уметници

Член 332

Афирмирани научници, стручњаци од практиката и уметници, без оглед на исполнетоста на условите утврдени со закон и актите на Универзитетот за избор во звање, по покана и одлука на наставно-научниот, односно научниот совет на единица, за која

согласност дава Ректорската управа, можат како специјалисти и експерти да изведуваат настава за одделни делови од наставен предмет.

Лицата од став 1 можат да престојуваат најмногу еден семестар во учебна година.

Лицата од став 1 на овој член не можат да вршат оценување на студентите.

Насловни звања

Член 333

За избор во насловно звање одлучува наставно-научниот совет, доколку на единицата се утврди потреба за ангажирање лице во наставно-образовниот процес, а за кое нема слободно место.

Афирмирани научници, стручњаци од практиката, уметници надвор од Универзитетот, доколку се избрани во насловни звања, можат да изведуваат високообразовна дејност во обем од најмногу 30 % од редовните обврски на соодветното редовно звање.

Лицата избрани во насловни звања од претходниот став не можат да вршат оценување на студентите.

Поблиски одредби за видот и обемот на учеството во вршењето на високообразовната дејност на лицата избрани во насловни звања утврдува наставно-научниот совет.

Почесен професор

Услови за доделување на звањето почесен професор

Член 334

На истакнат професор од универзитет во Република Северна Македонија и од странство, кој дал посебен придонес за развојот на високообразовната дејност, по предлог на единица на Универзитетот, може да му се додели звање – почесен професор (professor honoris causa) на Универзитетот, ако:

1. со својата наставно-образовна, научноистражувачка и апликативно-стручна дејност има потврдена меѓународна афирмација и углед;
2. дал придонес во создавањето наставни и наставно-научни кадри на Универзитетот;
3. учествувал во наставата на додипломски и постдипломски студии и бил ментор во изработката на магистерски и докторски дисертации на Универзитетот;
4. учествувал во заеднички научноистражувачки проекти на Универзитетот и факултетот, односно научниот институт на Универзитетот;
5. придонел за воспоставување и развивање на меѓународната соработка на Универзитетот во светот, со вклучување наставно-научни работници од факултетот или научниот институт во изработка на научни проекти, учество на научни собири, членство во научни и образовни институции и асоцијации и слично;
6. придонел во создавањето и јакнењето на материјалните и финансиските претпоставки за забрзан развој на високообразовната, научноистражувачката, уметничката и применувачката, односно апликативната дејност.

Постапка за доделување на звањето почесен професор

Член 335

Предлог за доделување на звањето почесен професор поднесува наставно-научниот, односно научниот совет на единицата.

Предлогот, на заедничка седница, го разгледуваат Комисијата за соработка со универзитетите во странство, Комисијата за настава и Комисијата за наука.

Комисиите од претходниот став на овој член донесуваат одлука за прифаќање или одбивање на предлогот.

Доколку предлогот биде прифатен, наставно-научниот, односно научниот совет на единицата формира рецензентска комисија.

Рецензентската комисија изготвува извештај со предлог.

Извештајот со предлогот на рецензентската комисија се објавува во Билтенот на Универзитетот.

Предлогот и извештајот се доставуваат до Ректорската управа, која дава мислење до Сенатот.

Одлука за доделување на звањето почесен професор донесува Сенатот.

Одлуката на Сенатот е конечна.

Почесен доктор на науки

Член 336

На истакнати научни, културни, деловни и други лица од земјата и од странство, кои со своите дела дале посебен придонес за развојот на научната мисла, културата или на друг начин придонеле за развојот на високото образование и науката, по предлог на единица на Универзитетот или ректорот, Универзитетот може да им додели титула – почесен доктор на науки (doctor honoris causa) на Универзитетот.

Член 337

Одредбите од овој Статут за постапката за доделување на звањето почесен професор соодветно се применуваат и за доделување на титулата почесен доктор.

Постапка за доделување на титулата
почесен доктор по предлог на ректорот

Член 338

Предлог за доделување на титулата почесен доктор може да поднесе и ректорот на Универзитетот.

Врз основа на предлогот од претходниот став на овој член, Комисијата за соработка со универзитетите во странство, Комисијата за настава и Комисијата за наука изготвуваат извештај со предлог.

Извештајот со предлогот од претходниот став на овој член се објавува во Билтенот на Универзитетот.

Предлогот и извештајот се доставуваат до Ректорската управа, која дава мислење до Сенатот.

Одлука за доделување на титулата почесен доктор донесува Сенатот.

Одлуката на Сенатот е конечна.

Заеднички одредби за почесен професор и почесен доктор

Член 339

Сенатот донесува одлука за доделување на звањето почесен професор, односно титулата почесен доктор на науки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Член 340

Промоцијата за доделување на звањето почесен професор на Универзитетот и за доделување на титулата почесен доктор на науки на Универзитетот ја врши ректорот на Универзитетот.

На промоцијата, на лицата од став 1 им се доделува диплома.

Член 341

Промовирањето на почесен професор, односно почесен доктор на науки се врши јавно и на свечен начин и со него претседава ректорот.

На промовираниот почесен професор, односно почесен доктор на науки, ректорот му врачува диплома.

Дипломата за почесен професор, односно почесен доктор на науки ја потпишуваат ректорот на Универзитетот и деканот, односно директорот.

Кога предлагач е ректорот, дипломата ја потпишува само ректорот.

Член 342

Дипломата содржи: назив на факултетот, односно научниот институт, кој го доставил предлогот за доделување на звањето почесен професор, односно титулата почесен доктор, кратко образложение поради што се доделува звањето, односно титулата и денот на донесувањето на одлуката.

Член 343

Службата на Универзитетот води книга на евиденција за почесни професори и почесни доктори на науки на Универзитетот.

Професор емеритус

Постапка за доделување на звањето професор емеритус

Член 344

Предлог за доделување на звањето професор емеритус поднесува наставно-научниот, односно научниот совет на единицата.

Предлогот, на заедничка седница, го разгледуваат Комисијата за настава и Комисијата за наука на Универзитетот.

Комисиите од претходниот став на овој член донесуваат одлука за прифаќање или одбивање на предлогот.

Доколку предлогот биде прифатен, наставно-научниот, односно научниот совет на единицата формира рецензентска комисија.

Рецензентската комисија изготвува извештај со предлог.

Извештајот со предлогот на рецензентската комисија се објавува во Билтенот на Универзитетот.

Предлогот и извештајот се доставуваат до Ректорската управа, која дава мислење до Сенатот.

Одлука за доделување на звањето професор емеритус донесува Сенатот.

Одлуката на Сенатот е конечна.

Платено и неплатено отсуство

Член 345

На лице избрано во наставно-научно, научно и соработничко звање, на секои пет години, единицата може да му одобри платено отсуство во траење до една година, односно неплатено отсуство во траење до три години заради стручно, односно научно усовршување во соодветната научна, односно уметничка област, или за престој на високообразовна, научна или уметничка установа со статус во наставно-научно или научноистражувачко звање.

Лицата што користат платено отсуство можат да користат и неплатено отсуство уште две години.

Во случај на неплатено отсуство, на лицето му мируваат правата и обврските од работниот однос и правата и обврските од звањето.

Правото на платено, односно неплатено отсуство се користи согласно со програма која на предлог на лицата од став 1 на овој член ја донесува наставно-научниот, односно научниот совет на единицата.

Предлогот од став 4 на овој член содржи: област на усовршување, односно истражување, времетраење, очекувани резултати, назив на установата и сл.

При давањето согласност за отсуство, наставно-научниот, односно научниот совет е должен да обезбеди замена.

Лице избрано во наставно-научно, односно научно звање на шест години извршена работа има право на продлабочување на усовршувањето на подрачјето, кое е предмет на негово истражување, во вкупно траење од најмногу 12 месеци.

Во тој рок, педагошката обврска се прераспоредува на други соодветни лица, така што на лицата на кои се прераспоредува, таа не може да се зголеми повеќе од една третина ако имаат полн фонд согласно со нормативите и стандардите.

Постапката за користење на правата од овој член поблиску се утврдува со статутот на единицата.

Редовен професор во пензија

Член 346

Редовен професор во пензија, под услови утврдени со Законот за високото образование, може да изведува настава на трет циклус студии по предметна програма од областа во која бил последен пат избран.

Редовен професор во пензија може да биде ментор на трет циклус студии доколку е акредитиран како ментор.

Редовен професор во пензија може да работи на научноистражувачки и апликативни проекти, но не може да биде нивен раководител.

Редовниот професор од ставот 3 од овој член склучува договор за заемните права и обврски со единицата која е носител на проектот.

Пензионираните лица имаат право да ги користат библиотечните фондови на Универзитетот и на единиците.

САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

Самоевалуација

Член 347

На Универзитетот се спроведува систем на самоевалуација.

Самоевалуацијата се спроведува на интервали од најмногу три години.

Составен дел на самоевалуацијата е анкета на студентите за квалитетот на наставниот и соработничкиот кадар, која се спроведува во втората половина од семестарот, односно учебната година, за секој предмет одделно, зависно дали се работи за едносеместрален или двосеместрален предмет.

Самоевалуацијата на Универзитетот и единиците се врши според упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот, кое го донесува Сенатот во согласност со Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација што го донесува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност и прифатените постапки и стандарди и водичот (насоките) за обезбедување на квалитет усвоени од европските институции.

Самоевалуација на Универзитетот

Член 348

Самоевалуацијата на Универзитетот ја врши Комисија за самоевалуација на Универзитетот. Универзитетот може да формира организациона единица за самоевалуација.

Член 349

Самоевалуацијата на Универзитетот ја спроведува Комисијата за самоевалуација на Универзитетот, составена од 9 члена.

Членовите на Комисијата за самоевалуација на Универзитетот ги избира, со тајно гласање, Сенатот, и тоа: 6 од редот на наставниците и 3 од редот на студентите, кои не се членови на Сенатот.

Мандатот на наставниците е три години, а на претставниците на студентите една година.

При изборот на членовите на Комисијата, се обезбедува соодветна застапеност од наставно-научните подрачја на Универзитетот.

Член 350

Комисијата за самоевалуација на Универзитетот може да формира посебни стручни тимови за согледување на прашањата што се предмет на оценка за одделни наставно-научни полиња, области, односно факултети, односно научни институти.

Член 351

Комисијата за самоевалуација на Универзитетот изготвува извештај за самоевалуација, во кој е содржана оценка на состојбата со предлози за надминување на констатираните негативни појави во остварувањето на наставно-научниот процес и, најмалку еднаш годишно, го доставува до Сенатот.

Член 352

Во својата работа, Комисијата за самоевалуација на Универзитетот соработува со комисиите за самоевалуација на единиците.

Самоевалуација на единиците

Член 353

Самоевалуацијата на единицата ја врши комисија за самоевалуација на единицата во согласност со Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација што го донесува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност и прифатените постапки и стандарди и водичот (насоките) за обезбедување на квалитет усвоени од европските институции, овој Статут, упатство на Универзитетот и единицата.

За проценка на квалитетот на вршењето на високообразовната дејност, на управувањето, финансирањето, академските и другите активности и нејзините приоритети, единиците вршат самоевалуација.

Самоевалуацијата се врши и преку самоевалуација на образовни планови и програми и на процесите на настава и учење.

Самоевалуацијата се спроведува по студиски програми и на ниво на единицата.

Член 354

Самоевалуацијата на единицата ја спроведува комисија за самоевалуација на единицата составена од седум члена, од кои пет члена се избираат од редот на наставниците, а 2 од редот на студентите.

На единицата може да се формираат поткомисии заради спроведување на самоевалуацијата на ниво на студиска програма.

Мандатот на членовите на комисијата од став 1 и на поткомисиите од став 2 на овој член трае три години, а мандатот на студентите една година, без право на повторен избор.

Наставно-научниот, односно научниот совет ги избира, со тајно гласање, членовите на комисијата за самоевалуација, по предлог на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет и на студентите, како и членовите на поткомисиите за самоевалуација на студиските програми, по предлог на наставниците и студентите од соодветната студиска програма.

Член 355

Со комисијата за самоевалуација на единицата, односно со поткомисиите за самоевалуација на студиска програма раководи претседател избран од составот на комисијата, односно поткомисијата, од редот на наставниците.

Член 356

Комисијата за самоевалуација на единицата ги анализира и ги оценува:

1. реализацијата на студиските предметни програми;
2. степенот на учество на наставниците, асистентите и студентите во реализацијата на студиските предметни програми;
3. резултатите од полагањето според структурата на студиските програми (задолжителни, изборни, факултативни, општи, специјалистички, теоретски, практични и сл.);
4. бројот и структурата на студентите;

5. времетраењето на студиските програми и проодноста по учебни години;
6. успехот на студентите според начинот на нивното финансирање (студенти финансирани од државата и студенти со поднесување надоместоци за студирање), според регионалната припадност, националната припадност и сл.;
7. влијанието на опременоста (библиотечен фонд, компјутерска опрема, читалници и сл.) врз ефикасноста во студирањето;
8. влијанието на истражувачката работа врз квалитетот на наставата и студирањето;
9. дејноста на единицата според условите на дадената акредитација и дозволата за вршење високообразовна дејност;
10. работата на комисиите за самоевалуација на студиските програми;
11. друго согласно со закон, подзаконски и други општи акти.

Член 357

Поткомисијата за самоевалуација на студиската програма ги оценува и дава оцена за соодветната студиска програма за:

1. реализацијата на студиската програма;
2. степенот на учество на наставниците, соработниците и студентите во реализацијата на студиската програма;
3. резултатите од полагањето според структурата на студиската програма (задолжителни, изборни, факултативни, општи, специјалистички, теоретски, практични, лабораториски и сл.);
4. бројот и структурата на студентите;
5. времетраењето на студиската програма и проодноста по учебни години;
6. успехот на студентите според начинот на нивното финансирање (студенти финансирани од државата и студенти со поднесување надоместоци/школарини за студирање), според регионалната припадност, националната припадност и сл.;
7. влијанието на опременоста (библиотечен фонд, компјутерска опрема, читалници и сл.) врз ефикасноста во студирањето;
8. влијанието на истражувачката работа врз квалитетот на наставата и студирањето;
9. друго согласно со закон, подзаконски и други општи акти.

Поткомисијата за самоевалуација на студиската програма изготвува извештај за резултатите од самоевалуацијата со оцена на состојбата и со предлози за надминување на констатираните негативни појави во остварувањето на студиите на соодветната студиска програма.

Член 358

Комисијата за самоевалуација, врз основа на сопствените истражувања и извештаите на поткомисиите за самоевалуација на студиските програми, изготвува извештај за резултатите од самоевалуацијата со оцена на состојбата и со предлози за надминување на констатираните негативни појави во остварувањето на дејноста на единицата.

Поткомисијата за самоевалуација на студиската програма го доставува извештајот до комисијата за самоевалуација на единицата и до колегиумот на студиската програма. Комисијата за самоевалуација на единицата го доставува извештајот до наставно-научниот, односно научниот совет на единицата и до Комисијата за самоевалуација на Универзитетот

ИНТЕРУНИВЕРЗИТЕТСКА КОНФЕРЕНЦИЈА

Член 359

Универзитетот е член на Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија.

Член 360

При изборот на членови во составот на Интеруниверзитетската конференција, се води сметка да бидат застапени претставници од различни наставно-научни подрачја.

ТОЛКУВАЊЕ НА СТАТУТОТ

Член 361

Толкувања на одредбите на овој Статут дава Сенатот.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 362

Единиците на Универзитетот се должни да ги донесат општите акти најдоцна три месеци по влегувањето во сила на овој Статут.

Член 363

Телото за еднаквост, недискриминација и инклузија ќе се формира во рок од една година од влегувањето во сила на овој Статут.

Член 364

Ректор, проректор, декан, продекан и член на Сенатот, избрани пред влегувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/18), продолжуваат да ги вршат своите функции до истекот на времето за кое се избрани.

Мандатот на претставниците на студентите во органите и телата на Универзитетот и на факултетите продолжува до изборот на претставници од страна на Универзитетското и факултетското студентско собрание.

Член 365

Единиците кои не започнале постапка за избор на декан, односно директор шест месеци пред истекот на мандатот на постојниот декан, должни се постапката да ја започнат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој Статут и да ја спроведат согласно со одредбите од овој Статут.

Единиците кои ја започнале постапката за избор на декан, односно директор пред денот на влегувањето во сила на овој Статут, должни се постапката да ја продолжат и да ја спроведат согласно со одредбите од овој Статут.

Член 366

До влегувањето во сила на статутите на единиците, постапките за избор на декан, продекан, директор и заменик-директор ќе се спроведуваат согласно со одредбите од овој Статут.

По влегувањето во сила на статутите на единиците, постапките за избор на декан, продекан, директор и заменик-директор ќе се спроведуваат согласно со одредбите од нивните статути и одредбите од овој Статут.

Член 367

Овој Статут влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетски гласник, а ќе се објави по добивањето на согласност од Собранието на Република Северна Македонија.

Член 368

Со денот на влегувањето во сила на овој Статут престануваат да важат одредбите од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје донесен на 2. седница одржана на 16.9.2008 година и на вонредната седница на Универзитетскиот сенат одржана на 13.11.2008 година, бр. 02-798 од 7.12.2011 година, бр. 02-519/3 од 30.4.2013 година, бр. 02-763/9 од 22.5.2014 година (Службен весник на Република Македонија бр. 156/2008, бр. 13/2012, бр. 104/2013 и бр. 138/2014).


Претседавач на Сенатот

Проф. д-р Никола Јанкуловски


Прилог 1
Ликовно-графички приказ на грбот на УКИМ



Прилог 2
Ликовно-графички приказ на знамето на УКИМ



Прилог 3
Свечена химна на УКИМ



Бр. 02-636/38-1
6.6 .2019 година
Скопје

Врз основа на член 94, став 1, точка 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018), Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 23. седница одржана на 26.6.2018 година и на 32. седница одржана на 6.6.2019 година, ја донесе следнава

О Д Л У К А
за усвојување на Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Член 1

Се усвојува Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Интегралниот текст на Сататутот е составен дела на оваа Одлука.

Член 1

Статутот од член 1 на оваа Одлука да се достави до Собранието на Република Северна Македонија заради добивање согласност.

Член 3

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

Р е к т о р

Проф. д-р Никола Јанкуловски

Изработил: м-р Елизабета Додевска

Генерален секретар: м-р Марија Маневска

СЛУЖБЕН ВЕСНИК

на Република Северна Македонија

Број 130 **27 јуни 2019, четврток** **година LXXV**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
1878.	**Одлука** за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Македонија	3
1879.	**Одлука** за разрешување на членови на Владата на Република Северна Македонија	3
1880.	**Одлука** за давање согласност на Статутот на Универзитетот во Тетово	3
1881.	**Одлука** за давање согласност на Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје	3
1882.	**Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на водење на евиденциите на полицијата и формата и содржината на образецот на евиденциите на полицијата	4
1883.	**Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за заверка на потписи, ракописи и преписи од страна на дипломатските и конзуларните претставништва на Република Македонија во странство	14
1884.	**Правилник** за изменување на Правилникот за начинот на заверување на исправите издадени во Република Македонија заради нивна употреба во странство, како и на исправите издадени во странство, начинот на водењето на евиденцијата за извршеното заверување и формата и содржината на обрасците за заверување на Министерството за надворешни работи и на дипломатските и конзуларните претставништва на Република Македонија во странство	18

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1878.

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија, а во врска со членот 31 став 5 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ број 29/2005, 36/11, 41/14, 104/15 и 39/16), Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 26 јуни 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РОКОТ ЗА ПОСТОЕЊЕ НА КРИЗНА СОСТОЈБА ЗАРАДИ ЗГОЛЕМЕН ОБЕМ НА ВЛЕЗ И ТРАНЗИТИРАЊЕ НА МИГРАНТИ НИЗ ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 162/15, 59/16, 189/16, 80/17, 190/17, 94/18 и 204/18), во насловот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 2

Во Одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 204/18), во членот 1 зборовите: „до 30 јуни 2019 година“, се заменуваат со зборовите: „до 31 декември 2019 година“.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3705/1
26 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

1879.

Врз основа на членот 94 став 3 од Уставот на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 26 јуни 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1. Од функцијата член на Владата на Република Северна Македонија се разрешуваат:

- Драган Тевдовски, министер кој раководи со Министерството за финансии,
- Сухејл Фазлиу, министер кој раководи со Министерството за локална самоуправа и
- Хазби Лика, министер без ресор.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3718/1
26 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

1880.

Врз основа на членот 16 став (3) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ број 82/18), Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 26 јуни 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО ТЕТОВО

1.Собранието на Република Северна Македонија дава согласност на Статутот на Универзитетот во Тетово.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3719/1
26 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

1881.

Врз основа на членот 16 став (3) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ број 82/18), Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 26 јуни 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

1.Собранието на Република Северна Македонија дава согласност на Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3720/1
26 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.